# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 136 ■ март 2017 ■ www.amerit.org.mk

АМЕРИТ

## АКТУЕЛНО

Врвни меѓународни признанија за нашата транспортна асоцијација и нејзиниот менаџмент

**АМЕРИТ И УПРАВИТЕЛОТ ЕМИЛ МИЛЕВ СО НАГРАДИ ОД ЕВРОПСКОТО БИЗНИС ДРУШТВО**



## ТЕМА НА БРОЈОТ

Автобуските превозници ја започнаа главната патувачка сезона

**И ГОДИНАВА – СО ПАТНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВОЗАТ КУП НЕИЗВЕСНОСТИ!**




АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

АМЕРИТ
Бул. „Партизански одреди“ 17/4, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (0)2 32 98 967, Факс: +389 (0)2 32 98 968, E-mail: amerit@amerit.org.mk




IVECO | Genuine Parts HIGH PERFORMANCE

IVECO IS A BRAND OF CNH INDUSTRIAL

IVECO 2016Q3 CAMPAIGN_MAGAZINE_MK contact:


SCANIA
R410
ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ВАЖЕН БИЗНИС – ВАШИОТ!
Совршенството е неограничено. Тоа го знаеме од памтивек. Познати сме по својата посветеност за подобрување и постојано поместување на границите. Нашите решенија се приспособени на Вашиот бизнис со само една цел – зголемување на вкупната економија на работење и подобрување на профитот на Вашата компанија.
Секој камион се користи на различен начин така што и сервисирањето треба да се разгледува поединечно. Со новата услуга и со флексибилниот план за одржување, ќе се погрижиме за Вашиот камион така како што треба. Врз основа на нашето искуство, знаење и добиените информации, ќе подготвиме план за одржување на Вашето возило, и ако биде потребно, ќе го приспособуваме на начин на кој се менува и Вашиот бизнис.
Откријте ја новата генерација на Scania камиони и услуги, креирани да бидат во согласност со Вашиот бизнис.
За повеќе информации посетете ја веб-страницата www.scania.com
SCANIA
Сканиа Македонија ДООЕЛ
ул. „34“ бр.7, Илинден, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 70 31 15 06 I e-mail: info@scania.mk




# Поголема сила, помала потрошувачка.

## Нов MAN TGX EfficientLine3. MAN kann.

На тестирањето спроведено од  агенцијата TÜV, MAN TGX 18.500 со новиот пакет EfficientLine3 оствари за 6,35% подобар резултат од моделот со досегашниот пакет EfficientLine2 . Пакетот EfficientLine3 нуди решенија на сите полиња па така покрај моторот со повеќе вртежни моменти, посветено е посебно внимание на конструкцијата, аеродинамичноста и намалувањето на тежината на компонентите, како и на системите за помош како што се EfficientRoll и EfficientCruise.

**MAN kann.**

## АКТУЕЛНО




8

Врвни меѓународни признанија за нашата транспортна асоцијација и нејзиниот менаџмент

**АМЕРИТ и управителот Емил Милев со награди од Европското бизнис друштво**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Автобуските превозници ја започнаа главната патувачка сезона

**И годинава – со патниците ќе се возат куп неизвесности!**

## АМЕРИТ



12

Во Центарот за обука на АМЕРИТ во почетокот на април

**Пилот-обука за професионална компетентност на возачите**

### 12 АМЕРИТ

Во Центарот за обука на АМЕРИТ во почетокот на април
**Пилот-обука за професионална компетентност на возачите**

13 Меѓународна активност на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ
**Наскоро пилот-проект на eCMR и во Балканскиот регион**

### 14 АКТУЕЛНО

За сопствениците со над пет возила, ако имаат направено сообраќајни несреќи со поголема материјална штета
**Доплата и до 200 отсто на осигурителната премија**

### 17 МОТО АМЕРИТ

**Пневматиците – фактор за унапредување на безбедноста во сообраќајот**

### 18 ЛОГИСТИКА

Надминати очекувањата на најголемата транспортна платформа во Европа
**TimoCom лани со најголем годишен обрт од своето основање**

### 20 АКТУЕЛНО

Честите блокади покажуваат
**Коридорот 10 и Солунското пристаниште се приоритетни за Македонија**

### 22 МЕТРОПОЛА

Големо меѓународно признание за нашата метропола
**Градот Скопје е меѓу трите европски градови со најдобри решенија за мобилност**

23 Според годишните завршни сметки на скопските јавни претпријатија
**ЈСП – Скопје лани со добивка од над милион евра**

### 24 МЕРИДИЈАНИ

Деловно-политички конгрес, изложба, пазар и Форум на иднината
**BUS2BUS – мапирање на можностите за автобуската индустрија**

25 Нов и побрз начин за превоз на националните добра кај двата соседи
**Лансирани се првите дигитални товарни листови во Франција и Шпанија**

### 26 БЕЗБЕДНОСТ

РСБСП со поддршка од Владата
**Нови методи за следење на безбедноста во сообраќајот на патиштата**

### 28 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Изградбата на сообраќајната инфраструктура со нов „хит“ во оваа градежна сезона
**2017 – Година на експресни патишта**



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
Web: www.amerit.org.mk
Facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
Експресив графикс, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова

ОНАМУ КАДЕ ШТО СТЕ ВИЕ.







АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk

Врвни меѓународни признанија за нашата транспортна асоцијација и нејзиниот менаџмент




# АМЕРИТ И УПРАВИТЕЛОТ ЕМИЛ МИЛЕВ СО НАГРАДИ ОД ЕВРОПСКОТО БИЗНИС ДРУШТВО

АМЕРИТ ја доби наградата „Најдобра организација“, а управителот Емил Милев – „Најдобар менаџер на годината“ што ги доделува „Меѓународниот форум на достигнувања“ на Европското бизнис друштво (ЕБА)

СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и управителот Емил Милев деновиве освоија две врвни меѓународни признанија: наградите „Најдобра организација“ и „Најдобар менаџер на годината“ на Европското бизнис друштво (ЕБА) од Велика Британија. Наградите се признание за работењето и постигнатите резултати на АМЕРИТ и нејзиниот менџмент во последните неколку години во транспортната индустрија, која е една од најдинамичните економски области во светот, со постојано нови и високи барања за нејзино успешно, ефективно и профитабилно функционирање. Двете награди беа доделени на неодамнешната церемонија, односно на отворената сесија на „Меѓународниот форум на достигнувања“ на ЕБА во Лондон, која претставува авторитетна мултикултурна платформа, која ја проценува улогата и заслугите на водечките личности на разни организации, односно на генералните менаџери на компании и нивните достигнувања за регионален развој и за прогресивно инвестирање во региони, територии и занимања. Форумот, кој е целосно независно тело од владини и политички влијанија е наменет за инвеститори, атрактивни територии и градови, успешни бизниси и компании, агенции за економски развој, регионална инфраструктура и финансиски професионалци и експерти.

– Овие високи меѓународни признанија од ЕБА се уште една потврда за квалитетот и работењето на нашата асоцијација, на нејзините тела и органи и секако на сите вработени во неа. Оттука, двете награди за нас претставуваат огромна чест и задоволство затоа што со нив сме ставени во светскиот врв во областа во којашто дејствуваме. Благодарни сме на Европското бизнис друштво и на жирито на „Меѓународниот форум на достигнувања“ во Лондон, кое ја препозна СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ како организација, која се наметнува со истрајност, доследност, инвестиции и секојдневен развој во транспортната сфера и во домашни и во меѓународни рамки. Сметам дека наградите од ЕВА ќе нè мотивираат и дополнително да се ангажираме во наредниот период и не само да ги оправдаме досегашните достигнувања туку и да се стремиме да постигнуваме нови успеси во работењето, за кои се надеваме дека ќе бидат исто така соодветно валоризирани од соодветните меѓународни институции – вели управителот на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, Емил Милев.

Меѓународните признанија „Најдобра организација“ и „Најдобар менаџер на годината“ се состојат од триделен сет: статуетка (изработена во вид на рака, која симболизира напорна работа), медал и сертификат. Наградите се доделуваат за номинации на полето на активност: индустрија, здравство, услуги, образование, при што има повеќе критериуми што треба да се исполнат: силна позиција на домашниот пазар, меѓународен статус, модерни технологии на управување, висококвалификувани вработени, бизнис-репутација, успешна маркетинг- стратегија, позитивен имиџ во регионот, инвестициски рејтинг и привлечност и конкурентност.

Инаку, Европското бизнис-друштво (ЕБА) е независна корпорација за економска, социјална и хуманитарна соработка, основана во Оксфорд, Велика Британија, во 2000 година. ЕБА е интерактивна платформа за усвојување на европските економски програми во светските региони, која ги следи директивите на Европската Унија и ЕУ програмите „Добрососедство“ и „Источно партнерство“. Основната мисија на институциите и претставништвата на ЕБА (и нејзините стратешки партнери) е да се формира позитивен имиџ на регионите, организациите, компаниите и личностите во европската бизнис-заедница.

Ј.Б.



Автобуските превозници ја започнаа главната патувачка сезона



# И ГОДИНАВА – СО ПАТНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВОЗАТ КУП НЕИЗВЕСНОСТИ!

И за автобуските и за сите други превозници во годинашнава патувачка сезона се чини заедничка карактеристика, а и големо стравување, ќе бидат неизвесностите предизвикани од политичките и други кризи кај нас, во регионот, во Европа, па и пошироко

Подобрувањето на временските услови традиционално ги раздвижува луѓето, па тие сè помасовно почнаа да патуваат, во најголем дел, користејќи ги услугите на автобуските превозници. Така е овој март, кога со покачувањето на температурите автобусите се сè повеќе барано превозно средство, на кое, како ретко досега најголем конкурент му е авионскиот превоз за подалечните релации, а во услови кога кај нас веќе со години, па и со децении, железницата во делот на превоз на патници е во своевиден застој што се очекува да се промени со набавката на новите патнички возови од Кина. Оттука, пролетниве месеци, кога е периодот на разни кратки деловни патувања, семинари, конференции, училишни екскурзии и слично, автобусите и автобуските станици го имаат главниот збор, а слично ќе биде и во претсезоната за туристичките патувања, пред да настапи главната летна туристичка сезона, која почнува во јуни, а завршува во септември. Навистина, и тогаш на поблиските дестинации автобускиот превоз ќе доминира, но предноста во превозот на патници од туристичките аранжмани на подалечните и поегзотичните дестинации ќе ја имаат авиопревозниците. Она што ќе биде и годинава заедничко и за едните и за другите, т. е. и за автобуските и за авиокомпаниите, се неизвесностите предизвикани од политичките и други кризи кај нас, во регионот, во Европа, па и пошироко. Тие, за некого се пречка, а за друг – предизвик за патување!

Како и да е, автобуските превозници, а и автобуските станици веќе наголемо ги започнаа подготовките за годинашнава патувачка сезона. Притоа, и нашите автобуски станици, се многу подобро уредени и опремени, слично со оние во модерните и развиени земји, каде што патникот може да добие не само добра и квалитетна станична услуга при обезбедувањето билет за автобус, со кој ќе го реализира патувањето туку и цел сет други услуги, како на пример брза храна, а може да набави и нешто неопходно за патувањето, да купи списание, сувенир и слично. Овие промени се евидентни во однос на периодот кога овие објекти на автобуските станици беа обични настрешници. За ваквиот подобрен впечаток и позтивна промена придонесе и изградбата на некои нови автобуски станични објекти во одделни градови во државава, како, на пример во Прилеп, Гевгелија, Делчево, по што следуваше и Велес, чие планирано заокружување е Дојран и секако, главниот туристички центар Охрид, кој како резултат на разни локални антагонизми во минатото, за жал на патниците, влезе меѓу последните во државава во обезбедувањето нов, модерен и по сите европски стандарди станичен објект за прифат и отпоремување на автобуси и на патници.

Модернизацијата на автобуските станици, на што сме сведоци денес во повеќе градови во државата, меѓу другото е резултат и на воведената категоризација на овие објекти, спроведена со цел да се воведе ред во внатрешниот и во меѓународниот автобуски превоз. Според мислењето на мнозина, со модернизацијата, значително се подобри и квалитативно се унапреди работењето на автобуските станици. Реализирана согласно со Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот за потребната опрема и начинот на определување на катего-

www.amerit.org.mk

ријата на автобуските станици во Република Македонија, со неа автобуските станици се поделени на: прва, втора, трета и четврта категорија.

Сѐ уште има реакции дека влегувањето на некои станици во некоја од погорните категории и не било толку заслужено (особено кај некои од првата категорија). За ова придонесе големата разлика во квалитетот меѓу најголемата и најопремена автобуска




АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ И ПРЕВОЗНИЦИТЕ СЕ ГЛАВНО ПОДГОТВЕНИ И СО ВНИМАНИЕ ГИ СЛЕДАТ СЛУЧУВАЊАТА НА ТРАНСПОРТНИОТ ПАЗАР ВО ДЕЛОТ НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ, КАДЕ ШТО ВЕЌЕ СЕ СКЛУЧУВААТ АРАНЖМАНИТЕ ЗА ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ПРАЗНИЦИ И ЗА ПРЕТСЕЗОНАТА ПРЕД ГЛАВНИОТ ТУРИСТИЧКИ ШПИЦ

станица во државава – скопската и останатите станици. Несомнено, токму категоризацијата беше главната причина, поттик и стимул многу вакви станични објекти во земјава да почнат со модернизирање, па согласно со категоријата, да воведуваат и климатизација, да ги покриваат пероните, да ги средуваат чекалниците, да добиваат чисти тоалети, разглас, дисплеи со испишан возен ред, да поставаат киосци и објекти за брза храна, а некои дури и претставништва на туристички агенции. Сето тоа е неспоредливо со периодот кога автобуските станици во минатото беа со многу лош квалитет, немаше ред во влегувањето и излегувањето на автобусите, а исто така, често се правеа малверзации со тоа дека можеше да се продаваат и купуваат билети на кое било место, пред автобус, во автобус, пред автобуските станици и во нив... За разлика од порано, кај речиси сите се направи ред и во начинот и во постапката на купување на билетите, а се регулираше и влегувањето и излегувањето на автобусите. Тие станаа вистински сервис и на превозниците и на патниците, кои добија можност за поквалитетна и поефикасна станична услуга.

Евидентен чекор напред има и кај автобуските превозници, од кои дел се и сопственици на автобуски станици, каде што со повеќе новини во делот на регулативата, потоа со воведувањето на електронската распределба на автобуските линии, а и со дадените поволности за увоз на автобуси и минибуси, овој сегмент од транспортната дејност се подигна на едно повисоко ниво. Се разбира, свој придонес во тоа имаше и воведувањето на лиценците за транспортните компании, со што се намали бројот на нелегални превозници што како зло тешко можеше да се искорени затоа што претходно владееше вистинско самоволие кај нив, па кој ќе стигнеше превезуваше патници, така што „дивите превозници“ добро организирани и поврзани со разни сегменти во општеството, го собираа кајмакот во оваа дејност. Сега, според најавите од надлежните органи, се работи на тоа да се отстранат и последните недоследности во делот на санкционирањето на „дивите превозници“, околу одземањето на возилата и соодветното постапување на инспекцијата, по што се очекува и драстично намалување на сивата економија во превозот на патници. Подобрување на условите за работа на автобуските превозници се овозможи и со тоа што Владата во неколку наврати дозволи увоз на автобуси и минибуси, најпрво со стандарди „еуро 2“, а потоа и „еуро 3“ што им овозможи на автотранспортните компании да го обноват сопствениот возен парк со поквалитетни автобуси, минибуси и комбивозила. Така, имаа можност да понудат поквалитетен превоз за патниците, удобност и експедитивност, а имаше влијание и во намалувањето на загадувањето на животната средина.

Сите овие промени на подобро, придонесоа и за зголемувањето на бројот на патниците во автобусите, започнувајќи од оние за јавен градски превоз до меѓуградските и туристичките автобуси, кои и оваа сезона ќе бидат носечки превозни средства за најголемиот број патници во главната патувачка сезона во годината. За нивната подготвеност, како и за условите во кои тие стопанисуваат, за проблемите, за можностите и за неможностите со кои се соочуваат и во дејноста и пошироко, разговаравме со самите превозници.

– Во врска со подготовките за претстојната патувачка сезона може да се нагласи дека како и секоја година досега, Меѓуградската автобуска станица во Скопје и „Руле Турс“ ДОО како превозник се приспособуваат кон потребите на патниците, со цел да се избегнат проблемите кои настануваат поради зголемениот обем на работа. Оваа година, пред започнувањето на летото се активираат голем број меѓуопштински и меѓународни сезонски линии, со цел да им се излезе во пресрет на патниците за да се постигне нивна целосна сатисфакција и уживање во превозот што им го нудиме за да стигнат до посакуваната дестинација. Бројот на линиите, со кои оваа година ќе оперира скопската Меѓуградска автобуска станица е речиси идентичен со бројот на линиите од 2016 година и речиси нема линии кои не се одржуваат што значи нема некои покрупни измени во однос на дестинациите кои се достапни годинава. Во однос на побарувачката, во претсезоната и Велигденските празници, треба да се истакне дека иако нашата земја во моментов се наоѓа во голема политичка криза, побарувачката за превоз останува иста како и во изминатите години, односно има минимално намалување, кое е незабележително и нема негативно влијание врз нашата работа – вели Душко Јовановски, раководител на Меѓуградската автобуска станица на „Руле Турс“ ДОО од Скопје.

Наспроти овој наш превозник, чиј менаџерски тим стопанисува со најголемата и најмодерната меѓуградска и меѓународна автобуска станица кај нас и притоа врши и линиски и туристички превоз во земјата и во странство, ги следиме и плановите и прогнозите во АД „Македонија сообраќај“, еден од најреномираните автобуски превозници во главниот град, кој врши меѓународен ли-

ниски и туристички превоз на патници.

– Сите сме во очекување на подобрување на ситуацијата, која зимоска беше меѓу најлошите досега поради: временските услови, ниските температури, намалениот обем на превози, како и поради исчекувањата на разврска на политичката криза кај нас, а и севкупно на состојбата во Европа и пошироко. Од аспект на патувачкиот сегмент, најактуелни во моментов се Велигденските празници, а почнаа и уплатите за аранжманите за познатите дестинации во: Турција, Италија, Шпанија, Франција, Романија, Чешка, Австрија, како и за соседните земји: Бугарија, Грција, Хрватска, Србија, за каде, со оглед на тоа дека вршиме само меѓународен линиски превоз, бројот на патниците е константен и горе-долу е ист како и во претходните години. За подалечните линии, како на пример, за Германија, превозите се драстично намалени што се должи главно на воведените евтини авиолинии. Од туристички аспект, можеме да кажеме и дека голем дел од аранжманите за претсезоната се веќе распродадени, и тоа стандардно за: Грција, Турција, Бугарија и Италија. Целосната слика за претстојната летна туристичка и годишноодморска сезона ќе ја имаме кон крајот на мај, кога ќе дојдат на ред поскапите туристички аранжмани што се хит на туристичките агенции. Во делот на линискиот автобуски превоз ја очекуваме и мајската распределба на возните редови за внатрешните, односно за домашните и за меѓународните линии, кај кои имаше пауза од 1,5 година – истакнува Ѓорѓи Вчков, управител на АД „Македонија сообраќај“.

Свое видување за состојбите во овој патен сегмент има и во „Штуз патнички“ од Куманово, автобуски превозник кој главно превезува патници во линискиот превоз, и тоа пред сè во внатрешниот патен сообраќај.

– Ние, како превозници не вршиме меѓународен превоз, туку само локален, и тоа преку 90 % линиски превоз на патници и една сезонска туристичка линија за Струга. Со оглед на севкупните состојби кај нас, во регионот, па и пошироко, кога станува збор за превозот на патници во државава не е добро, и според мене никој не може да се пофали. Најголем проблем, би рекла, е тоа што е поевтино да се патува со авион, што е малку и нереално, ама сега ете функционира како добра можност. Претходно, многу години ни беше висока цената на горивото, па таа падна, па се создаде нелојална конкуренција во оваа област, а сигурно овде виси и проблемот со кризата што создава неизвесност, која не е добра никаде, па ни овде. Што се однесува на линиите, сега-засега не планираме нови, а имаме 12 поаѓања од Куманово до Скопје што добро функционира, но и правилниците не дозволуваат повеќе. Надвор од општите состојби, тука и таму се судираме и со проблеми во работењето во нашиот сектор, како на пример несредените работи околу ингеренциите на општините, проблемите во меѓуопштинските релации и со институциите, а најголемите проблеми ги имаме со „дивите“ и „полудивите“ превозници и разните снаоѓања во оваа област под превезот на преживувањето на социјалата, извртувањата на прописите и сл. кои додека да се средат, времето си минува и се прават сопки и штети на другите легални превозници. Така, понекогаш се добива впечаток дека само оној што не сака да вози – не вози, а ние легалните превозници како да сме постојано на тапет со разни и секакви прегледи и контроли, со коишто се судираме – наведува Андријана Кипријановска, управител на „Штуз патнички“ ДООЕЛ од Куманово.

**ПРИСУСТВОТО, ТУКА И ТАМУ, НА „ДИВИТЕ“ И НА „ПОЛУДИВИТЕ“ ПРЕВОЗНИЦИ, КАКО И НИСКИТЕ ЦЕНИ НА ПРЕВОЗОТ ШТО ГИ ДИКТИРААТ ПРЕВОЗНИЦИТЕ СО ПОСТАР ВОЗЕН ПАРК, СЕ ПРОБЛЕМИТЕ ВО ОВАА ОБЛАСТ ШТО НАЈЧЕСТО СЕ АПОСТРОФИРАНИ ОД СТРАНА НА РЕНОМИРАНИТЕ И АФИРМИРАНИ АВТОБУСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ВО ЗЕМЈАВА**




Дека автобускиот превоз има свои особености и специфики, кои се во зависност од многу фактори, зборува и искажувањето на Трајче Панчевски, управител на автобускиот превозник „Екстра 03“ од Кавадарци (во чиј склоп е сега и поранешниот „Сам Вел компани“):

– Почетното интересирање за годинашнава патувачка сезона е слабо. Има многу возила и многу агенции поради што не може точно да се процени интересирањето на луѓето. Цените на услугите одат под минимумот и присутна е нелојана конкуренција во тој дел што ја диктираат превозниците со стари возила. Додека ние купуваме „еуро 4“ „еуро 5“, па и „еуро 6“ возила, некој врши превоз на патници и со „еуро 2“, при што очигледно се изместија вредностите, па многу-многу не се бара квалитет туку првенствено се гледа на тоа цената на превозот да е што пониска, а не се гледа техничката исправност на возилата, подготвеноста на возачите и слично. Едноставно мал е бројот на агенциите, кои бараат квалитетен автобуски превоз за своите туристи и патници. За среќа ние добро функционираме и успешно се носиме на домашните меѓуградски автобуски линии, така што од 2010 година со овие наши возила за туристички превоз возиме и во внатрешниот сообраќај, т. е. секој ден 40 автобуси во три смени вршат превоз на вработените за потребите на „Дрекслмаер“. Што се однесува на интересирањето на граѓаните за туристичките превози надвор од земјава, во нашиот случај, туристичката сезона ја работиме главно со Грција, каде што цениме дека и годинава ќе бидат насочени барањата на нашите граѓани. Се разбира, некои случувања во регионот, па и кај нас ќе имаат одраз врз масовноста на патниците, но мислам дека не треба да очекуваме поголеми отстапувања, на што не би требало да влијаат и евентуалните проблеми и опасности со бегалците за што лично мислам дека има и многу елементи на политизација. Впрочем, и лани се плашевме од разните протести на југот од нас, па добро минавме. Така, и сега туристичките програми и каталозите ни се готови, букингот е пуштен и едноставно патниците се на потег – додава Панчевски.

Ј.Б.

www.amerit.org.mk

Во Центарот за обука на АМЕРИТ во почетокот на април



# ПИЛОТ-ОБУКА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ВОЗАЧИТЕ

Овој тип на обука е во рамките на проектот SEED, чија главна цел е да се подигнат и усогласат стандардите за обука на професионалните возачи во регионот на ЈИЕ, но и да се подобрат вештините на нивните инструктори

Во новиот Центар за обука на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ во скопската населба Момин Поток, од 3 до 7 април годинава ќе се одржи пилот-обука за професионална компетентност на возачите, во рамките на проектот SEED, каде што АМЕРИТ е еден од партнерите. Овој проект е започнат во 2014 година во склоп на програмата „Еразмус" на Европската комисија, а негова главна цел е да се подигнат и усогласат стандардите за обука на професионалните возачи, но и да се подобрат вештините на инструкторите, кои ја вршат оваа обука во регионот на Југоисточна Европа. Во проектот се опфатени девет партнери од седум земји: Македонија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска, Франција и Белгија, кои во изминатите три години ги вложија своите знаења и искуства во реализирање на целите на проектот. Притоа, она што е особено значајно е дека во рамките на СЕЕД-проектот, Центарот за обука на АМЕРИТ има претставник, кој ги евалуира обуките на идните обучувачи во партнерските центри за обука во Косово и Србија. Тоа е признание за Центарот за обука на АМЕРИТ за достигнување на квалитет рамен на тој што се нуди во центрите за обука на возачи во ЕУ.

Имено, Програмата за обука на АМЕРИТ е целосно усогласена со програмите што се користат во земјите на Европската Унија, каде што се посветува особено внимание на периодичната обука, која е задолжителна на секои пет години, а со цел професионалните возачи да бидат целосно подготвени за секојдневните предизвици во нивното работење. Меѓу другото, возачите ќе се запознаат со: постојните и новите регулативи во патниот транспорт, планирање на патувањето (транспортни документи, дозволи, подготовка на возилото и сл.), кодот на однесување на професионалниот возач (како да ја зголеми личната ефикасност и да придонесе за поголема успешност на компанијата), правилата за периодите за возење и одмор, комбиниран транспорт и логистика, безбеден натовар и обезбедување на стоките, еко-возење и други теми од интерес на професијата.



Проектот завршува во јуни годинава, а пилот-обуката ќе претставува еден вид тест за она што досега беше сработено, при што инструкторите од АМЕРИТ ќе ги презентираат вештините во обучувањето на група професионални возачи. Од друга страна, возачите ќе имаат можност да присуствуваат на една опширна, детална и современа обука согласно со европските стандарди и програми, со што ќе ги прошират своите знаења, и ќе стекнат нови вештини, кои ги бара современиот и модерен пристап кон оваа специфична професија.

Центарот за обука на АМЕРИТ континуирано ги следи случувањата во областа на обуките на професионалните возачи. Покрај постојните акредитации за различни видови обуки, добиени од страна на Академијата на ИРУ, со овој проект, а во соработка и во согласност со надлежните власти, очекуваме да се воспостави еден нов пристап кон обуката на професионалните возачи од регионот сè со цел нашите возачи и нашите транспортни компании да бидат конкурентни на европскиот пазар.

Ј.С.Б.



# НАСКОРО ПИЛОТ-ПРОЕКТ НА ECMR И ВО БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН

На неодамнешниот состанок на CSE во Мадрид се дискутираше за иницијативата за реализација на пилот-проектот на eCMR на релацијата Турција –Грција – Македонија – Бугарија – Србија – Романија

Претставници на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ во средината на март земаа активно учество на состанокот на ИРУ Комисијата за услуги кон патните транспортни оператори – CSE во Мадрид, Шпанија, каде што се дискутираше за иницијативата за реализација на пилот проект на eCMR и во Балканскиот регион, на релацијата Турција – Грција – Македонија – Бугарија – Србија и Романија. Притоа, како што беше истакнато, во сите земји од регионот, со исклучок на Република Бугарија, сѐ уште не е потпишана ратификацијата на протоколот кој би ја надополнил CMR Конвенцијата. Но, претставниците од Република Бугарија образложија дека иако таму е потпишан протоколот за eCMR, тие сѐ уште немаат направено тестирање (пилот) за него бидејќи од соседните земји сѐ уште го немаат потпишано. Оттука, обврската која ја прифатија претставниците на сите земји од Балканскиот регион е да ги запознаат најпрво сите свои те, т. е. домашните институции инволвирани во CMR Конвенцијата.

Што се однесува на Република Македонија, со оглед на тоа дека нашите институции сѐ уште не се детално запознаени со функцијата на eCMR, како од технички така и од правен аспект, нашата асоцијација АМЕРИТ ја презема таа одговорност детално да ги презентира предностите кои би ги донел eCMR- проектот.

– По ова, искрено се надеваме дека на следната средба, која треба да се одржи во месец мај во Солун, Република Македонија ќе ја даде својата поддршка за отпочнување на пилот-проект за воведување eCMR помеѓу сите земји од Балканскиот регион. Дури откако институциите, економските оператори и транспортните компании ќе ги утврдат бенифитите што ги носи електронизацијата на CMR, ќе може да се потпише тој протокол кој би ја надополнил ЦМР-конвенцијата и ќе може комплетно да се дигитализира CMR-документот – велат од СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ.

J.С.Б.

Информација од МВР

## Каде важат македонските возачки дозволи?

Со пет земји имаме билатерални договори за признавање на националните возачки дозволи, а со уште девет тоа е регулирано врз основа на Виенската конвенција за патен сообраќај

Република Македонија има склучено договори за заемно, односно реципрочно признавање на националните возачки дозволи со Италија, Шпанија, Албанија, Србија и Црна Гора. Како што информираат од Министерството за внатрешни работи, станува збор за билатерални договори потпишани со цел да им се излезе во пресрет на граѓаните. Согласно со овие договори, на носителите на македонска возачка дозвола кои престојуваат на територијата на која било од овие пет држави не им е потребна меѓународна возачка дозвола, односно на оние кои имаат регулирано постојан престој на територијата на која било од горенаведените држави, на нивно барање може да се изврши замена на возачката дозвола.



Покрај овие, врз основа на националното законодавство и Виенската конвенција за патен сообраќај (1968 година) меѓусебно признавање на возачките дозволи има и со: БиХ (со одобрен постојан престој од шест месеци), Чешка, Бугарија, Хрватска, Словенија, Романија, Унгарија, Белгија и Австрија (само Б категорија). Во тек се и договори за признавање на возачките дозволи и со Косово, Турција, Германија, БиХ и Велика Британија, а врз основа на поднесена апликација за признавање на македонската национална возачка дозвола, во тек е постапка и со Австралија и Нов Зеланд. Соседна Република Грција не врши замена на странска возачка дозвола со грчка и на носителите на македонска дозвола им е потребна меѓународна возачка дозвола.

Од МВР информираат дека е доставено барање за произнесување за реципрочно признавање на возачките дозволи согласно со Виенската конвенција до уште 29 држави, со кои се водат постапки за меѓусебно регулирање на оваа обврска.

J.Б.

www.amerit.org.mk

За сопствениците со над пет возила, ако имаат направено сообраќајни несреќи со поголема материјална штета



# ДОПЛАТА И ДО 200 ОТСТО НА ОСИГУРИТЕЛНАТА ПРЕМИЈА

Ваквата доплата, инаку предвидена според законот од 2006 година, почна да се применува во осигурителните компании од 23 февруари годинава

Доплата и до 200 отсто на основната осигурителна премија во тековната година, им следува на сопствениците што имаат во својата флота шест и повеќе возила, (односно кај правните лица), ако истите имаат причинето штета во претходната година, која е неколкупати поголема од годишната премија што ја плаќале. Во спротивно, само се намалува износот на претходно заработениот бонус. Ваквата доплата, инаку предвидена со тарифата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, а според законот стар веќе 11 години (датира од 2006 година) почна да се применува во осигурителните компании од 23 февруари, од кога централниот систем, односно базата на податоци за штетите од сообраќајни несреќи на едно место, стана комплетно функционална и се наполни со исплатени и резервирани штети од последните три години, вклучително и лanската. Со тоа, почна да се применува членот 8 од Тарифникот, односно од Правилникот, кој ја регулира оваа материја во осигурувањето на возилата, а кој предвидува малус (доплата) на осигурителната премија за следната година, и тоа на сите останати возила, се разбира доколку направат сообраќајна несреќа со штета. Притоа, правилникот е рецидиен дека премијата зависи од тоа колку штети се пријавени, па така, до 50 проценти, премијата ќе се зголеми ако има пријавени две штети, до 80 проценти за пријавени три штети и до 200 проценти за пријавени четири и повеќе штети.

Сето ова е според тарифата и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот донесен во 2006 година, кој активно се спроведува како за физичките така и за правните лица, но како што велат во Агенцијата за супервизија на осигурувањето и во Националното биро за осигурување, тој во овој дел не се применувал досега зашто се немало увид во сите штети што се направени во сообраќајките. Ова е вака поради нецелосна функционалност на централниот систем, односно немање база на податоци за штетите на едно место, па осигурувачите при склучување полиси применувале за физичките и правните лица само бонус (попуст), кој во случај на сообраќајки само се намалувал. Бонусот кај физичките лица максимално достигнал до 50 отсто, со пораст од година на година, а кај правните лица (флотни осигурувања) со шест и повеќе во-



зила, секоја година бил пресметуван попуст кој достигнувал и до 40 отсто од основната премија. Значи, во овој период, осигурителните компании и покрај тоа што исплаќале штети не пресметувале малус (доплата) на основната премија за осигурување на таквите осигуреници, иако тарифата тоа го предвидува.

Последниве три години, велат во Агенцијата и во Националното биро, е подготвен добар систем, кој има евиденција на сите осигурени возила и има увид на штетите што се направени последниве години. Системот е во функција и лесно може да се примени тарифникот, според кој е предвиден бонус и малус за секое возило, во зависност од тоа дали имало сообраќајна незгода изминатата година и колку била штетата. Деновиве Трајче Латиновски, директор на Националното биро за осигурување, информираше дека од почетокот на годинава се направени 3.226 флотни осигурувања од кои 56 немаат ниту бонус ниту малус, а кај 2.836 флотни осигурувања има бонус, при што од нив со максимален бонус од 40 проценти биле 1.706 осигуреници, а само 56 флотни осигурувања имале максимален малус.

Инаку, во согласност со тарифата, за наредната осигурителна година, доколку осигуреникот во тековната година нема предизвикано штети, повторно може да користи бонус (попуст) на премијата до 40 проценти, а што се однесува на малусот, односно дополнителните средства за осигурување, важно е што тие не се наследуваат, односно ги плаќа само виновникот во сообраќајната незгода, па така, ако купите половно моторно возило кое имало над четири сообраќајки во текот на една година, не треба да стравувате дека за негова регистрација ќе платите дополнителна сума за осигурување зашто таа останува кај претходниот сопственик. Новиот сопственик ќе си ја плати основната сума, а малусот останува за пресметка кај претходниот сопственик, кој кога ќе купи ново возило, за него ќе плати повисока премија поради штетата што ја имал на претходното возило. Вака е бидејќи осигурувањето е поврзано со матичниот број, а не за возилото, па затоа не се наследува малусот. Ако во периодот на користење на правото на попуст осигуреникот го отуѓи или одјави возилото кај надлежен орган, стекнатото право на попуст се пренесува и на новото возило, под услов возилото да е од иста тарифна група и по полисата на одјавеното, односно на отуѓеното возило да не е пријавена штета.

Во Македонија, во моментов, има 3.200 правни субјекти, кои имаат возен парк од над шест возила, а тука се и сопствениците на такси-компаниите и превозниците на стоки и патници, кои се потенцијално (во случај на сообраќајки со големи штети) на удар од ваквото евентуално плаќање енормно високи суми за задолжително автоосигурување.

Наскоро во согласност со новите европски директиви



# ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛАТА ЌЕ БИДЕ И ПОКРАТОК И ПОЕВТИН

**Се очекува, времетраењето на техничкиот преглед и да се намали и да поевтини, со замената на класичната проверка на возилата со контрола со ИТ- уред, која произлегува од новите европски директиви, чија примена наскоро ќе започне и во Македонија**

Намалување на времетраењето на техничкиот преглед на возилата на само десетина минути (сега трае некаде околу 30 – 35 минути) и негово драстично поевтинување ќе овозможи замената на класичната проверка на возилата со контрола со ИТ-уред, која произлегува од новите европски директиви, а чија примена наскоро ќе започне и во Македонија. За таа цел, во нашата земја веќе започнаа подготовките за преминување на новиот, поефикасен начин на вршење на техничкиот преглед, кој, меѓу другото, покрај предностите што им ги дава на сопствениците на возила, според најавите, влијае и на подобрување на безбедноста во сообраќајот и на зачувување на животната средина, а ги елиминира и субјективните влијанија. Во таа насока, во средината на март во Скопје, од страна на експерти од „Тув Норд Германија", во соработка со „Аутомакедонија", МВР и универзитетски професори, беа презентирани новините во техничкиот преглед на возилата, содржани во новите директиви на ЕУ, како и начинот на кој работи ИТ-уредот за технички преглед, кој ги дава сите податоци за возилото, од функционирањето на воздушните перничиња до исправноста на неговите највитални делови.

Всушност, во новиот технички преглед ќе се користи адаптер, со кој без ставање на возилото на некои комплицувани уреди, како на пример кочниот тестер, за неколку секунди се добиваат сите информации за техничката исправност на возилото. Ваков адаптер, во Германија е во примена повеќе од една и пол година и со него се веќе тестирани над 55 милиони возила, оформена е и феноменална база, а значително е подобрена и безбедноста во сообраќајот. Со примена на адаптерот цената на техничкиот преглед е падната за два до трипати, но од друга страна, потребни се обучени инженерски тимови, со искусни луѓе, кои ќе ги вршат ваквите технички прегледи, за чија примена во Македонија ќе биде потребна и интервенција во законската регулатива, во согласност со соодветната директива на ЕУ, кон која членките на Унијата треба да се адаптираат до јуни 2018 година.

Според податоците на МВР моментално во Македонија има 452 илјади возила, додека пред 2012 година нивниот број изнесуваше 350.000. Притоа, бројот на возилата во Македонија само во последните неколку години пораснал значително (увезени се околу 200.000), при што во значителна мера се подобрила просечната старост на возилата, па така ако во 2012 година таа беше над 20 годиини, сега е падната на 14 години. Истовремено, според анализите во МВР, бројот на сообраќајните незгоди за кои причина е техничката неисправност на возилата, се движи околу еден процент, но нивните анализи покажуваат и дека од вкупниот број возила што одат на технички преглед, дури 10 проценти не поминуваат и се враќаат назад. Оттука, и во МВР гледаат позитивно на примената на новите, иновативни и напредни технологии во однос на подобрување на безбедноста во сообраќајот.



# ПНЕВМАТИЦИТЕ – ФАКТОР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ

Во различен период од годината, при различни експлоатациски и временски услови, возилото треба секогаш да има пневматици со соодветни карактеристики, односно, на лето да користи летни, а на зима – зимски пневматици

Пневматиците на моторните возила, се значајна алка во активната безбедност во сообраќајот, а нивната состојба и соодветен избор се влијателни фактори за унапредување на безбедноста во сообраќајот. Без сомнение, пр−виот директен контакт помеѓу подлогата и возилото се токму пневматиците, па поради тоа од голема важност е во секој период од годината без оглед на тоа дали е мокро или суво, топло или студено, возилото да има соодветни и во добра состојба пневматици. Притоа, прилепувањето на патот (контактот со подлогата), односно управливоста, стабилноста и патот на сопирање, во голема мера зависат од хемискиот состав на гумата и од дезенот на нагазната површина на пневматиците. Имајќи предвид дека во различен период од годината, при различни експлоатациски и временски услови, возилото треба секогаш да има пневматици со соодветни карактеристики, се наметнува потребата од нивна замена, односно во летниот период возилото да користи летни, а во зимскиот период зимски пневматици. На тој начин, ќе се овозможи ефикасно и оптимално прилепување на пневматиците кон подлогата...

Кога температурата на подлогата ќе се спушти пониско од 7°C, кај летните пневматици воочливо е осетно влошување на нивните својства. Всушност, има намалување како на потребната еластичност така и на возните карактеристики, односно значително се влошува прилепувањето на пневматикот на површината на патот при услови на ненадејно и интензивно сопирање кое ќе доведе до значително зголемување на сопирачкиот пат, често и двојно поголем од оптималниот, споредено со условите за



кои е проектиран пневматикот. За разлика од летните, зимските пневматици со својот посебено профилиран нагазен слој и состав на гумата, остануваат „доволно меки“ и еластични задржувајќи ги своите својства и карактеристики за оптимално и доволно безбедно прилепување на патот.

Спротивно од летните, кај зимските пневматици, на температури на подлогата повисоки од 7°C, тие почнуваат да ја губат потребната еластичност и крутост, така што при зголемени температури како што е случај во летниот период, воочливо е значително влошување на нивните карактеристики, нивно брзо абење и оштетување. Затоа, соодветно на временскиот период, се препорачува, во летниот период да се употребуваат летни пневматици, а во зимскиот период – зимски, со што ќе се овозможи поефикасно и пооптимално прилепување на пневматиците кон подлогата  и нивна поефикасна и подолготрајна експлоатација.

Кај некои производители на пневматици, во гамата на нивните производи може да се забележат и т.н. all-season – пневма-




тици за сите годишни времиња, кои се на некој начин компромис помеѓу летните и зимските пневматици, а се препорачуваат да се користат во преодните периоди пролет/есен, или во места каде што нема многу студени и снежни зими.

Зимските пневматици се препознатливи по својата странично втисната ознака во форма на снегулка, како и ознаката M+S, која означува дека гумата е конструирана за употреба во зимски услови, M = mud што значи кал, и S = snow што значи снег. Кај all-

season пневматиците, покрај ознаката M+S, на местото од симболот на снегулка, има втиснато четири симболи, кои асоцираат на годишните времиња.

Во услови на мокра подлога, без оглед на тоа дали станува збор за зимски или за летен пневматик, во контекст на редуцирање на патот на сопирање и спречување на појава од аквапланинг, при релативно поголеми брзини, од големо значење е длабочината на шарата на нагазниот слој, за која се препорачува да биде подлабока од 4 мм. Законскиот мимимум е 2 мм, па дури тоа и самите индикатори за проверка на потрошеноста (TWI – Tread Wear Indicator) се поставуваат вообичаено на 1,6 до 2 мм, но не треба да се чека длабочината на нагазната површина на пневматикот да дојде до таа вредност, туку уште на 4 мм треба да се изврши замена, со што ќе се овозможи ефикасно и оптимално прилепување на пневматиците кон подлогата и во мокри услови на експлоатација.

МОТОАМЕРИТ препорачува навремена промена на пневматиците согласно со временските услови и законските прописи.



Совети

## Што да се прави кога тахографот е во дефект?

**Порака на екранот:**
**Значење:**



- Сериозна грешка се појавува во уредот

**Што да правите:**

- Откинете парче од ролната за печатење.
- Пополнете ги полињата на опачината на хартијата.
- Рачно повлечете линија за секоја извршена активност.

**Внимание: Ако возилото не може да се врати во базата на компанијата во рок од една недела од денот на настанатиот дефект со картичката, поправката треба да се изврши по пат!**

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА


АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE
IRU





| [ АПРИЛ ] | | |
|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | |
| ПОЛАГАЊЕ | Среда,<br>Четврток,<br>Петок, | 05.04.2017<br>06.04.2017<br>07.04.2017 |
| ОБУКА | Вторник, | 11.04.2017 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Среда, | 19.04.2017 |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток, | 06.04.2017 |
| ОБУКА | Четврток, | 13.04.2017 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток, | 20.04.2017 |
| **АДР** | | |
| ОБУКА | Среда, | 12.04.2017 [ 9:30 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок, | 21.04.2017 |
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | |
| ОБУКА | Среда, | 12.04.2017 [ 9:30 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок, | 21.04.2017 |

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. **02/ 32 98 967** лок.130
e-mail: **obuka@amerit.org.mk**

Надминати очекувањата на најголемата транспортна платформа во Европа




# TIMOCOM ЛАНИ СО НАЈГОЛЕМ ГОДИШЕН ОБРТ ОД СВОЕТО ОСНОВАЊЕ

Транспортната платформа на TimoCom, со поставени 68,3 милиони понуди на утовари и утоварен простор од повеќе од 110.000 корисници, во 2016 година беше со најголем волумен на понуди во Европа

Со поставени 68,3 милиони понуди на утовари и утоварен простор од повеќе од 110.000 корисници во минатата година TimoCom и понатаму е транспортна платформа со најголем волумен на понуди во Европа. Покрај ваквиот исклучително поволен годишен биланс за лани, и лансирањето на последната новина – функцијата за поставување и преземање документи – може да се смета за успех на TimoCom, зашто тука, само во периодот од септември до крајот на годината веќе беа објавени над 16.000 документи од корисниците.

## Раст на сите полиња

За TimoCom, ИТ-фирмата со 400 вработени, 2016 година беше најуспешната од неговото основање во 1997 година. Така, оваа фирма со средна големина достигна годишен обрт од 62,2 милиони евра што е за 5,5 милини евра повеќе од претходната година. Истовремено, радува и зголемувањето за 7.300 нови клиенти што значи вкупен број од над 36.000 клиенти и повеќе од 110.000 корисници, кои во текот на целата минатa година на транспортната платформа понудија повеќе од 68,3 милиони понуди на утовари и утоварен простор. Освен тоа, за натамошниот успех на фирмата придонесе и добивањето (осми пат по ред), на наградата „Најдобра марка“ на ETM-Verlag, како и добивањето, по четврти пат или вторпат по ред на Печатот за квалитет „набавки на утовари“ и „набавки на превози“ на компанијата BMEnet GmbH, (Германско здружение за управување со материјали, набавка и логистика“ (Bundesverband Materialwirtschaft, Einkauf und Logistik e.V.) за транспортната платформа на TimoCom.

## Корисниците се опремуваат за дигиталната трансформација

Дигиталната трансформација беше топ-тема во изминатата година. Таа е есенцијален составен дел од иднината на транспортната и логистичката бранша, а со тоа и од транспортната платформа. Оттука, кориснички ориентираниот пристап упатува на трасирање на патот за напредна дигитализација. На тој план, TimoCom во септември 2016 го прошири деловниот именик со 36.000 фирми од 44 европски земји со функцијата за поставување и преземање на документи. Овде клиентите можат своите најчесто побарувани документи да ги стават на располагање за преземање на други фирми преку еднократно поставување во нивниот профил. До крајот на годината беа поставени над 16.000 документи, а покрај тоа, TimoCom Messenger со преку пет милиони испратени пораки и понатаму може да се смета за успех. Што се однесува на оптимизирањето на процесите, благодарение на поврзувањето, транспортната платформа успеа да се поврзе со над 200 понудувачи на телематика, при што заедничките клиенти уживаат во комфорот, статусот на своите возила да го следат на само една мапа во TimoCom Tracking. Ова значи дека веќе е излишно пребарувањето помеѓу програмите на различни производители.

## Иновативни перспективи за 2017

По успешната 2016 година, TimoCom

## КОН СРЕДИНАТА НА ГОДИНАТА, TIMOCOM ЌЕ ЈА ДОПОЛНИ СВОЈАТА ТРАНСПОРТНА ПЛАТФОРМА СО ЕДНА ЕНОРМНО ВАЖНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ОПТИМИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ НА СВОИТЕ КЛИЕНТИ, КОЈА ЗА ПРВПАТ ЕКСКЛУЗИВНО ЌЕ ЈА ПРЕЗЕНТИРА НА „TRANSPORT LOGISTIC 2017“ ВО МИНХЕН



ИТ-фирмата и за 2017 подготвува натамошни новини кои упатуваат кон иднината.

– Кон средината на годината, ќе ја дополниме нашата транспортна платформа со една енормно важна апликација за оптимизирање на процесите на нашите клиенти. Неа, за првпат, ексклузивно ќе ја презентираме на „Transport logistic 2017“ во Минхен – вели Гунар Гбурек, портпаролот на компанијата.

Како што е веќе добро познато во транспортната индустрија во светот, TimoCom Soft- und Hardware GmbH е ИТ-компанија, фирма од средна големина, која се има фокусирано на развојот и вмрежувањето на апликации за транспортната дејност. Компанијата TimoCom денес управува со најголемата транспортна платформа во Европа, на која дневно се нудат и до половина милион меѓународни понуди на утовари и утоварен простор, а нејзината логистичка мрежа се состои од над 36.000 проверени фирми.

Т.С.




АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Ваш ВЕРЕН ПАРТНЕР
за ДКВ картички

тел: +389 (0)2 32 98 967 лок. 109 | моб: +389 (0)76 34 40 40 | факс: +389 (0)2 32 98 968 | e-mail: dkv@amerit.org.mk

Честите блокади покажуваат



# КОРИДОРОТ 10 И СОЛУНСКОТО ПРИСТАНИШТЕ СЕ ПРИОРИТЕТНИ ЗА МАКЕДОНИЈА

**Тринеделната блокада од грчките земјоделци на Евзони и двонеделниот штрајк на МЖ покажаа дека нема алтернатива за Коридорот 10 и за Солунското пристаниште, но и дека треба да се прават планови за функционирање на македонската економија и во услови на вакви блокади**

Транспортниот коридор 10 и Солунското пристаниште се крвотокот на македонската економија, која е зависна од нивната функционалност, па секоја блокада на македонско-грчката граница има тешки последици врз домашните компании кои трпат финансиски загуби. Таков беше случајот и по 19-дневната блокада на граничниот премин Евзони од страна на грчките земјоделци и 14-дневниот штрајк на вработените во МЖ Транспорт во втората половина на февруари и почетокот на март, кога околу 130 илјади тони македонска стока останаа заробени на Солунското пристаниште. Блокадата им донесе проблеми на компаниите, кои не можеа да ги извезат готовите стоки и да ги увезат суровините за производствениот процес. Со тоа, трошоците на работење им се зголемени, бидејќи штетите, за кои бројките се сумираат и наскоро ќе бидат обелоденети, се огромни, како директни, така и индиректни во зависност од тоа дали стоката е акцизна или расиплива. Олеснителна околност е што Управниот одбор на Солунското пристаниште одлучил да не наплаќа дополнителен трошок за складирање на овие тони и тони македонска стока, која мораше да стои за време на двата штрајка кои траеја повеќе од еден месец, а кои притоа, кај нас ја доведоа во прашање и снабденоста на пазарот со стоки, нафта и нафтени деривати, кои се клучни суровини за функционирањето на македонската економија, чии компании евидентно немаат друга алтернатива наместо Солунското пристаниште и Коридорот 10.

Ова, меѓу другото, беше истакнато на тркалезната маса на тема „Сигурност во снабдувањето со стоки и нафтени деривати – можности и алтернативи“, како и на прес-конференцијата што се одржаа во средината на март во Стопанска комора на Македонија, а на кои се дискутираше за можните решенија за редовно снабдување со стоки, неопходни за потребите на македонското стопанство и во услови на гранични блокади.

– Засега бизнисот не гледа алтернатива на Коридорот 10 и затоа треба да се обезбеди негова целосна функционалност и да се намалат блокадите кои условија застои и нефункционалност во превозот на стоки во патниот и во железничкиот сообраќај кон Република Грција. Неопходно е наоѓање соодветни решенија за надминување на ваквите состојби и разгледување опции за сигурност во снабдувањето со стоки и нафтени деривати – порача претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески, според кого не е лесно во случаи на блокада на македонско-грчката граница и на Коридорот 10, да се најдат алтернативни патишта за проток на стоките.

Според претседателот на Македонската транспортна асоцијација при СКМ, Иван Петровски состојбата ќе се подобри со завршувањето на процесот на приватизација на Солунското пристаниште и можноста за користење на железничката инфраструктура на Грција од страна на приватни компании.

– Наша иницијатива е да се воведе заедно со грчката страна едношалтерски систем на царинење за што нема да има никакви дополнителни трошоци. Тоа ќе придонесе за намалување на транспортните трошоци и времето на испорака на стоката. Ваков систем имаат воведено Албанија и Црна Гора – информира Петровски, според кого од вкупно 3.322.000 тони преработени стоки во Солунското пристаниште, 27 отсто или 885.000 тони се стоки наменети за Македонија што покажува колку е важно ова пристаниште за македонското стопанство. Притоа, 80 отсто од оваа стока се превезува со камиони, а остатокот со железница, па затоа промените на сопственичката структура на Грчката железница и Солунското пристаниште ќе бидат основа за сигурност на македонските компании бидејќи нема да се дозволат поголеми застои на транспортот.

Од компанијата ОКТА и од Здружението на енергетичарите, посочија дека редовното снабдување со горива лани беше неколкупати прекинувано поради мигрантската криза, а годинава и поради штрајкот на грчките земјоделци, па и поради штрајкот на „Македонски железници“. И покрај тоа ОКТА успеа да обезбеди редовно снабдување со нафта и нафтени деривати во најголем дел од своите резерви и со користење на алтернативни патишта на суво-

земен транспорт што ги зголеми трошоците на компанијата за околу 55 проценти. Затоа, според претседателот на Здружението на енергетичари при СКМ, Ристо Јаневски, треба да се оспособат сите гранични премини за транспорт и увоз на акцизни стоки што се неопходни за функционирањето на земјата.
– Моментално, без автоцистерни и железница многу е тешко Македонија да се снабдува со нафтени деривати. На друг начин, таа стока не може да се донесе во земјава – нагласува Јаневски.

Од Стопанска комора велат дека не располагаат со бројки за штетите кои ги претрпеле компаниите од долгиот застој на сообраќајот на Коридорот 10, но велат дека тие се различни и во зависност од дејноста на компаниите, т. е. дали е пренесувана расиплива стока.

– Сепак, тоа влијае на забавувањето на активноста на компаниите, на планирањето на активностите, обезбедувањето суровини и на извозот на готови производи. Дополнителен трошок се и пеналите што треба да ги плаќаат компаниите за неиспорачаната стока во договорениот рок – вели извршната директорка на Стопанска комора на Македонија, Јелисавета Георгиева, според која, во решавањето на проблемот треба квалитетно да се вклучат институциите и стопанството.



– Како земја без излез на море и без директен пристап до главните морски пристаништа, со „слепи“ завршетоци на правецот исток-запад, имаме огромен интерес од целосна инфраструктурна функционалност на Коридорот 10. Соодветно на тоа, за македонските компании посебно значење има непречениот пристап и до Солунското пристаниште – вели Георгиева.

Инаку, според статистичките податоци, вкупната размена на Македонија со Грција бележи пад од 0,7 отсто. Притоа, вкупната размена со нашиот јужен сосед изнесува 660,5 милиони долари, од кои за извоз 163,3 милиони долари (каде што е забележан пад од 1,4 отсто), а за увоз 497,2 милиони долари (со пад од 0,4 отсто).

Ј.С.Б.



Големо меѓународно признание за нашата метропола



# ГРАДОТ СКОПЈЕ Е МЕЃУ ТРИТЕ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ СО НАЈДОБРИ РЕШЕНИЈА ЗА МОБИЛНОСТ

Градот Скопје беше меѓу трите финалисти за престижната награда на Европската недела на мобилност 2016, со која се оддава признание на локалните власти, кои вложуваат напори за подобрување и промовирање на одржливиот урбан транспорт, а првото место му припадна на градот Малме од Шведска

Градот Скопје е меѓу трите европски градови со најдобри решенија за одржлива мобилност, заедно со Лисабон (Португалија) и Малме (Шведска). Наградата на Европската недела на мобилност 2016, со која се оддава признание на локалните власти, кои вложуваат напори за подобрување и промовирање на одржливиот урбан транспорт беше доделена неодамна во Брисел, а му припадна на градот Малме. На доделувањето на ова вредно меѓународно признание присуствуваа и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и претседателот на Советот, Ирена Мишева.

– Ми претставува големо задоволство што градот Скопје влезе меѓу трите европски градови со најдобра мобилност за 2016 година, односно е финалист за престижната награда на Европската недела на мобилност. Проектите, кои успешно ги реализираше Град Скопје и по кои нè оценуваше Европската комисија се пред сè за подобрувањето на јавниот автобуски превоз, односно за воведувањето на Системот за автоматска локација на автобусите и електронска наплата на билетите, како и вклучувањето на приватните превозници во единствениот систем за јавен превоз во градот; функционирањето на Центарот за управување и контрола на сообраќајот, којшто контролира 90 крстосници во градот, набавката на електромобили, изградбата и реконструкцијата на две велосипедски рути, кои се протегаат од едниот крај на градот до другиот, како и нашите активности за промоција на велосипедот како превозно средство. Европската комисија го препозна напредокот во Скопје во однос на одржливата мобилност и ни даде поттик и во периодот што е пред нас посветено да работиме во интерес на граѓаните и на подобрување на условите за одржливо движење во градот – истакна градоначалникот Коце Трајановски.

Наградата на Европската недела на мобилност се однесува на петнаесеттото издание на Европската недела на мобилност (ЕНМ) што се одржа од 16 до 22 септември 2016 година, а во кое се вклучија 2.427 градови што е најмасовно учество во оваа манифестација досега. Притоа, експерти од областа на мобилноста и транспортот издвоија 10 кандидати и три финалисти меѓу поднесените 63 апликации од 23 земји, а во потесниот избор влегоа и следниве градови: Бјалисток (Полска), Крушевац (Србија), Палма (Шпанија), Прага (Чешка), Самос (Грција), Софија (Бугарија) и Валенсија (Шпанија). Според Европската комисија, Скопје се истакна со својата долгорочна визија за одржливи начини на превоз, со напредокот во обезбедувањето подобри транспортни услуги за граѓаните, како и со посветеноста на проектот SOCIALCAR, кој на граѓаните ќе им овозможи да го споделат своето возило со другите, да заштедат пари за превоз и да ја заштитат животната средина.

J.C.Б.



Виолета Булц, еврокомесар за транспорт:

## Скопје е пример за мобилност и за другите европски градови

На свеченото доделување на Европската недела на мобилност 2016 што се одржа во Брисел присуствуваше и Виолета Булц, еврокомесар за транспорт во ЕК, која по манифестацијата на која беше доделена оваа европска награда изјави:

– Јас би сакала да ги поттикнам и другите градови да работат со нас. Истовремено, би сакала да им честитам на градовите финалисти, кои покажаа високо ниво на свесност за зелена и паметна урбана мобилност. Се надевам дека примерот на Скопје ќе ги импресионира и другите европски метрополи – истакна Булц. Инаку, Виолета Булц е претприемач и политичар од Словенија, која на позицијата еврокомесар за транспорт во ЕК е од 2014 година. Претходно била министер за развој и транспорт во словенечката влада.

Според годишните завршни сметки на скопските јавни претпријатија




# ЈСП – СКОПЈЕ ЛАНИ СО ДОБИВКА ОД НАД МИЛИОН ЕВРА

Најголемиот автобуски превозник за градски и приградски превоз на патници во Скопје, минатата година имаше нето-добивка од 65,2 милиони денари по оданочувањето, а ЈП Градски паркинг бележеше загуба во работењето

Јавните претпријатија во Град Скопје минатата година забележале добивка во работењето, за разлика од Градски паркинг кој бележеше загуба. Ова го покажуваат нивните годишни извештаи и завршни сметки за 2016 година. Притоа, според висината на позитивното салдо, а тоа значи и по успешноста во работењето се издвојува ЈСП – Скопје, чијашто нето-добивка за изминатата година, изнесува 65,2 милиони денари, по оданочувањето. Овие пари ќе се искористат за покривање на дел од акумулираната загуба од поранешните години. Инаку, податоците во извештајот на најголемиот автобуски превозник за градски и приградски превоз на патници покажуваат дека иако претпријатието лани заработило над милион евра, сепак во споредба со претходната 2015 година, ЈСП во 2016 година има извесен пад во добивката. Имено, податоците покажуваат дека во 2015 година ЈСП заработило 72, 9 милиони денари што е пад од 7,7 милиони денари. Најголемата заработувачка на ЈСП доаѓа од продажбата на билети, а податоците покажуваат дека во 2015 година од продажбата на услуги се остварени 1.059 милиони денари, додека во 2016 има мало намалување на продажбата на услуги (1.038 милиони денари). Интересно е што ваквото салдо на ЈСП и позитива на крајот на годината уследи откако е воведена електронската наплата во јавниот градски превоз во Скопје што секако ќе предизвика дополнителни анализи и ќе даде нови насоки за работење на претпријатието во наредниот период.

Во групата на останатите јавни пртетпријатија во Скопје, кои работеле со минимална позитива е и ЈП Улици и патишта, кое лани заработило 945 илјади денари. Овие пари ќе се искористат за покривање на загубите од работењето во поранешните години.

Третото претпријатие од сообраќајната сфера во главниот град, ЈП Градски паркинг бележи загуба во работењето во 2016 година, која изнесува 8,2 милиони денари. Овој минус на сметката на Градски паркинг, во чија сопственост се поголемиот број паркиралишта во градот и пајак-службата ќе биде покриен од износот на акумулираната добивка на претпријатието од порано.

Кај другите претпријатија, како ЈП Паркови и зеленило, Водовод и канализација и Комунална хигиена добивката ќе се распредели или во нови инвестиции или во акумилирана добивка, која најверојатно, во иднина ќе се искористи за покривање на загубите во некоја наредна деловна година.

Ј.С.

На улиците на главниот град

## Нови модерни катадиоптри за подобра видливост во сообраќајот

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта" во изминатиот месец поставуваа катадиоптри на повеќе сообраќајници во главниот град. Тие освен што имаат безбедносна фунција, овозможуваат и подобра видливост во сообраќајот. Така, во првата половина на март вакви уреди беа монтирани на улицата „Ѓорче Петров", на потегот од кружниот тек кај СП „Планет" и улицата „Воин Драшковиќ" до мостот кај Сарај, а за втората половина на месецот беше најавено поставувањето на катадиоптрите да продолжи и на булеварот Партизански одреди, кај влезот во пунктот на ЈСП, кај влезот на пазарчето во Ѓорче Петров, кај влезот во поликлиниката „Ѓорче Петров" и на кружниот тек на булеварот Партизански одреди кај црквата „Свети Петар и Павле". Во наредниот период поставувањето на катадиоптрите ќе се изведува и на други сообраќајници во градот, според однапред утврдената програма од Град Скопје.



Новите катадиоптри кои се вид рефлектори, ќе им овозможат на возачите подобра видливост на хоризонталната сигнализација, односно подобра рефлексија. Катадиоптрите се поставуваат во средината на двојната полна лента на коловозот, имаат бела рефлексија и се разместуваат на растојание од еден, три и пет метри. Најавено е дека во иднина вакви катадиоптри ќе се поставуваат и на пешачките премини, односно на зебрите.

www.amerit.org.mk

Деловно-политички конгрес, изложба, пазар и Форум на иднината




# BUS2BUS – МАПИРАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА АВТОБУСКАТА ИНДУСТРИЈА

Саемот за автобуси во Берлин ќе се одржи на 25 и 26-ти април годинава, со поддршка и активен ангажман на ИРУ

BUS2BUS – Саемот за автобуси во Берлин, во април, оваа година ќе ги адресира клучните можности на европската автобуска индустрија, собирајќи ги бизнисот, технологијата и политиката во единствен форум за да ја постави агендата за промени во наредниот период. Креаторите на политиката и автобуските транспортни компании заеднички ќе ги дефинираат основните начела, кои ја обликуваат мобилноста на иднината и заедно ќе ги истражуваат стратегиите за нејзина дигитална трансформација. Со подемот на европската автобуска индустрија, BUS2BUS е стратешка платформа за овој сектор, каде што ќе се дебатира акциониот план за неговиот развој.

Поддржана од ИРУ – глобалната организација за патен транспорт, а со поддршка од концептуалниот спонзор, Германската асоцијација за автобуски транспортери (BDO), BUS2BUS конгресот, Форумот на иднината и изложбата ќе се одржат на 25 и 26-ти април годинава, во организација на Саемот во Берлин (Messe Berlin). Освен што ќе бидат присутни на саемот, ИРУ ќе имаат и две работилници на Форумот за иднината, со фокусирање на автобускиот туризам на долги растојанија.

– На ИРУ му претставува големо задоволство да биде поддршка на BUS2BUS и да има активна улога во настанот Форум на иднината. BUS2BUS ќе обезбеди одлична можност за различните чинители од автобуската индустрија заедно да се здружат и да дебатираат за иднината на нашиот бизнис. Дискусиите сигурно ќе обезбедат значаен придонес во сегашната работа на ИРУ на Визијата за 2030-та година, вели Олег Камберски, раководител за превоз на патници во ИРУ.

Како комбиниран Саем, Конгрес и Форум на иднината, BUS2BUS им обезбедува на националните и на меѓународните посетители платформа да разговараат за новите деловни пристапи и за градењето на крос-индустриските партнерства, изложувајќи ги новите автобуски иновации во статички прикази и во движење.

– Ангажманот на ИРУ ја нагласува важноста на BUS2BUS како нов водечки саем за автобуската индустрија. Го очекуваме овој уникатен настан на високо ниво во Берлин, каде што повеќето релевантни политички чинители разговараат за актуелните предизвици, но сакаме и да се предвиди иднината со претставници од автобуската индустрија – истакна Кристијан Леонард, потпретседател во Советот за патнички транспорт на ИРУ (СТР) и генерален секретар на BDO.

BUS2BUS им нуди на малите и на средните претпријатија особено вредно лидерство, во пресрет на последните предизвици. Тие вклучуваат намалување на обемот на приватните оператори за влегување на пазарот во јавниот превоз, намалување на бирократизацијата предизвикана од Директивата за патување и Директивата за работниците, кои привремено работат во друга земја и барања за воведување на надоместоци за автобуските превозници.

С.П.Т.




Нови проблеми во меѓународниот патен превоз на стоки

## И во Германија забрана за редовниот неделен одмор во кабината на возилото

Меѓународната унија за патен транспорт (ИРУ) најавува нови проблеми за учесниците во меѓународниот патен превоз на стоки – и во Германија ќе се воведе забрана за возачите да го поминат редовниот неделен одмор во кабината на возилото. Имено, токму тоа стои во неодамнешното соопштение од Секретаријатот на ИРУ, каде што се наведува:

– Ве известуваме дека на 8 март 2017 година, германскиот парламент одлучи да го забрани регуларниот неделен одмор во кабината и ќе изрече глоба за овој прекршок. Сепак, оваа одлука сè уште не е конечна и треба да биде потврдена во законодавниот процес. Секретаријатот на ИРУ во соработка со членките од германските организации ја следи состојбата и постојано ќе ги информира своите членки штом обезбеди нови информации во врска со оваа новина.

Нов и побрз начин за превоз на националните добра кај двата соседи




# ЛАНСИРАНИ СЕ ПРВИТЕ ДИГИТАЛНИ ТОВАРНИ ЛИСТОВИ ВО ФРАНЦИЈА И ШПАНИЈА

Со овие дигитални товарни листови се револуционизираат транспортните операции на национално ниво во овие земји, но тоа е и севкупен придонес за транспортот во Европа

Со домашната трговија се придонесува за транспортот во Европа – првите национални дигитални товарни листови се лансирани во средината на март во Франција и во Шпанија. На овој начин, се револуционизираа транспортните операции на национално ниво во овие земји. Притоа, координирано од страна на членките на ИРУ: Здружението на меѓународен патен транспорт во Шпанија и Националната федерација на превоз во патниот сообраќај во Франција, лансирањето следуваше по успешната примена на прекуграничниот eCMR минатиот месец.

Националните товарни листови се користат во 65 проценти од речиси две милијарди тони-километри реализирани од страна на европските превозници секоја година низ Европа.

– Со дигитализацијата на националните и прекуграничните товарни листови, ние сме на почетокот на трансформацијата на транспортните операции. Со нетрпение очекуваме повеќе коридори да се префрлат на дигиталните системи и да имаме нови лансирања и во други земји во текот на следните месеци бидејќи дигиталните товарни листови носат ефикасност и поголема транспарентност во сите транспортни операции – истакна по овој повод Умберто де Прето, генералниот секретар на ИРУ.

Како и со eCMR, националните товарни листови им овозможуваат на транспортните оператори да внесат информации по електронски пат, да ги зачуваат логистичките извештаи и да разменуваат податоци во реално време преку мобилен телефон или преку таблет. Навременото евидентирање на податоците значи дека агенциите веднаш добиваат информации за стоката која се транспортира. Со тоа, сите потребни последователни активности, се случуваат побрзо и со помалку трошоци.

Ефикасноста на дигиталната технологија го олеснува процесот на менување на иновациите, како што се автономните возила. Исто така, движењето кон дигитализирана документација го намалува влијанието врз животната средина на глобалната трговија со рационализирање на процесите, со користење на помалку хартија и минимизирање на архивските барања. Во Шпанија, националниот товарен лист, carta de porte, претставува 65 проценти од транспортот на стоки од страна на шпанските превозници. Во Франција, националниот товарен лист, lettre de voiture, претставува уште поголем процент – 90 проценти. Хартиените carta de porte и lettre de voiturce се официјални документи за пратки помеѓу испраќачите и транспортерите, обезбедувајќи хартиена патека за пренос на логистиката и се суштински документи, кои ги има возачот на камионот, а се однесуваат на товарот.

Лансирањето на националните товарни листи во Франција и во Шпанија се случи пред средбите на ИРУ, кои се одржаа на 16 и 17 март во Мадрид на состанокот на Советот за услуги за превоз во патниот сообраќај, на кои посебен акцент се стави на најновите случувања во транзитните операции, вклучувајќи ги можностите како што се: воведувањето на националните товарни листови, eCMR, планерите на пат, патарините и осигурувањето на товарната размена.

Активности на ИРУ во ООН

## Одржливиот транспорт во фокусот на разговорите со Меѓународната стопанска комора

Глобалното партнерство за одржлив транспорт (GPST) неодамна беше во фокусот на разговорите меѓу Меѓународната стопанска комора и Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ. Притоа, Џон Даниловиќ, генерален секретар на Меѓународната стопанска комора (ICC), изрази задоволство од последните активности на ИРУ во Обединетите нации и од промоцијата на GPST, истакнувајќи ја улогата на иницијативата на ИРУ во спроведување на агендата на ОН по 2015 година и новите цели за одржлив развој во областите поврзани со транспортот.

Игор Рунов, генералниот потсекретар на ИРУ, кој ја води работата на ИРУ со Обединетите нации, исто така, ја искористи можноста да се заблагодари на ICC за неодамнешната поддршка за GPST и за иницијативите на ИРУ во областа на трговијата и транспортот, за Глобалната иницијатива за патот на свилата и новите пристапи кон создавањето на прекуграничната транспортна инфраструктура.

Од ICC, исто така, ја потврдија својата подготвеност за унапредување на теми во ОН поврзани со транспортот, особено во поглед на неодамнешната одлука на Обединетите нации за доделување на статус на набљудувач на ICC во Генералното собрание на ОН.

РСБСП со поддршка од Владата



# НОВИ МЕТОДИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

РСБСП започна со реализација на нов проект, во чии рамки почнувајќи од април годинава ќе се применуваат неколку групи на индикатори за следење на состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на локално ниво

Со цел прецизно и ефикасно утврдување на аномалиите во сообраќајниот систем, кои доведуваат до несакани состојби и инциденти, поточно до сообраќајни незгоди, а истовремено и во насока на обезбедување на квантитативни податоци за состојбата со безбедноста во сообраќајот на локално ниво, Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) со поддршка од Владата на Република Македонија започна со реализација на проектот „Примена на индикатори за следење на состојбата со безбедноста во сообраќајот на патиштата на локално ниво“. Во рамките на овој сообраќаен проект, основните индикатори кои ќе се следат во Република Македонија, и тоа почнувајќи од април годинава се категоризирани во неколку групи: индикатори што се однесуваат на возачите, потоа индикатори за брзината на движење, индикатори за возилата, за користењето на системите за пасивна безбедност, индикатори за пешаците, за патната мрежа... Како што истакнуваат од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, ваквиот начин на прибирање, обработка и анализа на податоците за сообраќајниот систем е нов во Република Македонија и тој е во согласност со европската практика и со препораките на експертската група за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во регионот на Југоисточна Европа. Истовремено, тој е научно и емпириски поддржан и претставува основа за создавање база на податоци, а врз основа на која ќе се креираат политики и мерки за унапредување на безбедноста во патниот сообраќај во Република Македонија.

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата е координатор на целокупниот процес за прибирање, обработка и анализа на податоците во рамките на овој проект, за чија успешна реализација во минатиот период беше изработена и методологија за прибирање на податоците,

РСБСП и Агенцијата за супервизија на осигурување потпишаа меморандум за партнерство

## Поголема соработка за побезбеден сообраќај



Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) и Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) во почетокот на март потпишаа меморандум за партнерство, соработка и заедничко дејствување, со чија реализација се очекува да се даде заеднички придонес кон поголема безбедност во сообраќајот на патиштата во нашата земја. Предмет на заедничката соработка меѓу РСБСП и АСО ќе биде реализацијата на активностите за унапредување на финансиската писменост во областа на осигурувањето, потоа на активностите за подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и за намалување на бројот на загинати и настрадани лица во сообраќајни незгоди, како и едуцирањето и финасиското знаење на граѓаните за нивните права и обврски од осигурување во сообраќајот...

– Врз основа на овој меморандум за соработка, РСБСП и АСО во наредниот период ќе реализираат бројни заеднички активности за зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и тоа, преку: намалувањето на бројот на нерегистрирани возила во сообраќајот, активности за подигање на јавната свест за предностите и придобивките од осигурувањето на возилото, финансиско знаење на учесниците во сообраќајот за полисата за автоодговорност, пријавувањето на штета во случај на настанување на штетен настан, правата и обврските од зелената карта, правата и обврските при пополнувањето на европскиот записник и многу други активности – изјави Стојче Стаменковски, претседателот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата.

Претседателот на Советот на експерти при Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Климе Попоски, истакна дека и во досегашниот период АСО и РСБСП остварувале високо ниво на соработка. Потпишувањето на овој меморандум ќе значи чекор напред кон унапредување на соработката помеѓу двете тела, но и континуирана размена на искуства, совети и информации во врска со позитивните практики кои се употребуваат и коишто можат да се применат понатаму, а сè со единствена цел: едукација и заштита на животот и здравјето на граѓаните, како и заштита на нивните права.

ВРЗ ОСНОВА НА НОВИОТ НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА СООБРАЌАЈНИОТ СИСТЕМ ВО НАШАТА ЗЕМЈА ЌЕ СЕ СОЗДАДЕ БАЗА НА ПОДАТОЦИ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ ЌЕ СЕ КРЕИРААТ ПОЛИТИКИ И МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




како и Прирачник за потребите на работните групи, кои ќе работат на него. Оттука, главна задача на РСБСП е да ги оспособи работните групи за опсервација на сообраќајот на локално ниво и за прибирање на потребните податоци.

– Самиот процес на следење на безбедноста во сообраќајот на патиштата врз основа на индикатори ќе биде континуиран и постојан и претставува чекор напред во унапредувањето на процесот на управување со безбедноста во патниот сообраќај. Очекуваме на среден рок да добиеме квалитетни податоци за состојбата во сообраќајот на локално ниво, а потоа да ги преточиме во препораки за нејзино подобрување и намалување на бројот на сообраќајни незгоди исто така на локално ниво – нагласуваат од РСБСП.

Според информациите од РСБСП, во февруари и март се спроведуваа обуките за претставници од локалната самоуправа и за Министерството за внатрешни работи, за следење на безбедноста во сообраќајот на патиштата на локално ниво, а врз основа на точно дефинираните индикатори. Во последната недела од февруари беше организирана првата обука на подрачјето на СВР Битола, а во првата недела од март се реализираше обука на подрачјето на СВР Велес, за потоа, според најавите од РСБСП да бидат организирани работилници за обука на работните групи и на подрачјата на сите СВР во земјава. По сето ова, се очекува во месец април ефективно и конкретно да започне процесот на следење и мониторинг на безбедноста во патниот сообраќај на локално ниво, согласно со новоутврдените индикатори, усогласени со европската практика и со експертските препораки, а врз основа на кои ќе се донесат соодветни мерки за унапредување на состојбите во оваа област.

Ј.С.Б.

За поголема безбедност во сообраќајот

## „Јас внимавам“– кампања на ОКТА и МВР

### Во рамките на оваа кампања, секој месец ќе биде посветен на различна тема од сообраќајот, со поддршка од голем број јавни личности и доделување награди за совесните возачи

„Јас внимавам“ е новата кампања на ОКТА што во соработка со Министерството за внатрешни работи ја започна кон крајот на март, а е насочена кон зголемување на свесноста за подобрување на безбедноста во сообраќајот. Со кампањата, секој месец ќе биде посветен на различна тема од сообраќајот, со учество и поддршка од голем број јавни личности и доделување награди за совесните возачи. Притоа, едукативни сообраќајни полигони ќе бидат донирани во повеќе од 15 основни училишта ширум земјава, ќе биде изведувана и театарска претстава на тема „Безбедноста во сообраќајот“, а ќе бидат дистрибуирани и боенки со основните сообраќајни правила.

– Со подигнување на општествената свест за лична и колективна безбедност во сообраќајот, очекуваме да придонесеме кон создавање одржлива култура за побезбедни сообраќајници – изјави на почетокот од кампањата Јанис Героуланос, главен извршен директор на ОКТА.

Содржината на кампањата и дефинираните проблеми во сообраќајот се одредени во соработка со Министерство за внатрешни работи, кое ќе ја даде својата поддршка во текот на одвивањето на сите активности.

– Имаме нагорен тренд и зголемување на бројот на сообраќајни незгоди со сериозни, па дури и фатални последици. Од овие причини, иницијативата на ОКТА за спроведување на национална кампања за подигнување на свеста за безбедноста во сообраќајот, МВР ја прифати и ѝ даде целосна поддршка. Заедно со примената на креативните решенија и едукативниот пристап, веруваме дека ќе направиме значајна и квалитативна промена во безбедноста во сообраќајот – истакна самостојниот инспектор, Драган Велјановски од МВР.



Новата кампања за поголема безбедност во сообраќајот започна со активности, кои ќе придонесат за подигнување на свеста за најчесто прекршуваното правило, односно за учеството во сообраќајот под дејство на алкохол, а секој следен месец ќе биде посветен на некој од најчестите сообраќајни проблеми, како што се: неопходноста од користење заштитни шлемови за мотористите или на сигурносен појас за возачите на автомобили, потоа опасностите од возење и зборување на мобилен телефон, како и возење со препорачана брзина на патот, користење на детско седиште и соодветна зимска опрема.

www.amerit.org.mk

Изградбата на сообраќајната инфраструктура со нов „хит“ во оваа градежна сезона



# 2017 – ГОДИНА НА ЕКСПРЕСНИ ПАТИШТА

Годинава стартува изградбата на три нови експресни патни делници: Штип – Кочани, Ранковце – Крива Паланка и Штип – Радовиш

Реализацијата на капиталните инвестиции во сообраќајната инфраструктура годинава ќе опфати една новина, по која 2017 година ќе биде препознатлива со изградбата на неколку нови експресни патишта, кои спаѓаат во највисоката категорија на патни правци (заедно со автопатиштата). Имено, ако пред десетина години инвестицискиот циклус во овој инфраструктурен сегмент почна со локалните патишта, па потоа продолжи со регионалните, а пред три-четири години „хит“ беа магистралните патишта, односно автопатиштата, минатата година, а особено оваа, 2017 година, влегуваат во изградба три нови експресни патишта.

Новите експресни патни делници ќе бидат со по четири ленти, а прва на листата за реализација е делницата Штип – Кочани, чија изведба ќе започне овој месец.

– Овој екпресен пат ќе има четири коловозни ленти, една за безбедно и три за брзо возење. Предвидената брзина за возење по него е 100 километри на час, а предвидени се клучки за сите населени места од овој регион – појаснува директорот на ЈП за државни патишта, Александар Стојановски.

Веќе во текот на следниот месец ќе започне изградбата и на експресниот пат Ранковце – Крива Паланка, а од средината на годинава ќе стартуваат и градежните работи на екпресната патна делница Штип – Радовиш. Притоа, експресниот пат „23 Октомври“ што ќе ги поврзува Штип и Радовиш и чија должина ќе изнесува 38 километри, со проценета вредност од 64 милиони евра, ќе претставува делница од исклучителна важност за развојот на Источна Македонија. Малку поскапа е делницата од Ранковце до Крива Паланка, а заедничко за двете е што се од огромно значење за регионот низ кој ќе се протегаат. Инаку, во план е делницата од Крива Паланка до Деве Баир да се прошири на ниво на автопат.

Реализацијата на овие три нови експресни патишта се надоврзува на веќе започнатите вакви патни инфраструктурни зафати на кои годинава градежните работи ќе продолжат со полн интензитет.

– Веќе е во тек изградбата на првата фаза од експресниот пат од Градско до Прилеп, а годинава ќе се почне и со втората фаза од Градско до Дреново, додека за третата фаза од Тројанци до Прилеп ќе распишеме тендер за градба. Исто така, ќе распишеме и тендер за проектирање за изградба на експресниот пат од Битола до граничниот премин Меџитлија – истакнува министерот за транспорт, Владо Мисајловски.

Вкупната должина на трите нови експресни патишта: Штип – Кочани, Штип – Радовиш и Ранковце – Крива Паланка, чиј почеток е врзан за годинава, е над 100 километри, а целокупната инвестиција за нив е околу 250 милиони евра. И тие, по својата вредност, ќе станат дел од големиот инвестициски бум во патната инфраструктура во Република Македонија во последните две-три години која ќе тежи околу милијарда евра. Со тоа новите и модерни патни делници стануваат дел од еден современ и по високи европски стандарди граден патен систем, кој треба да овозможи не само развој на економијата во државата туку и подобра, побрза и поквалитетна сообраќајна комуникација како на граѓаните секојдневно, така и на транзитните патници кои минуваат низ нашата земја.

Ј.С.Б.

Во Софија е одржан состанок за инвестициите во транспортот во земјите од Западен Балкан




# МИСАЈЛОВСКИ: РЕАЛИЗИРАМЕ НИЗА ПРОЕКТИ ДОЛЖ КОРИДОРИТЕ 8 И 10

Министерот за транспорт и врски, Владо Мисајловски, на состанокот ја нагласи потребата од изградба и модернизација на коридорите 8 и 10, како најважни транспортни линкови со земјите од Централна и Југоисточна Европа

Владата на Република Македонија реализира повеќе проекти по должината на коридорите 8 и 10, кои минуваат низ територијата на нашата земја, со цел подобрување на транспортната инфраструктура и зголемување на квалитетот на услугите и конкурентноста на нашата мрежа на овие коридори. Ова, меѓу другото, неодамна го истакна министерот за транспорт и врски, Владо Мисајловски на состанокот со другите министри за инвестициите во транспортот во земјите од Западен Балкан што се одржа во Софија. На состанокот, се разговараше за постигнување на целите на Инвестицискиот план за Европа, вклучувајќи ја главната мрежа на европските транспортни коридори во рамките на ЕУ и нејзиното продолжување во земјите од Западен Балкан.

Во своето обраќање на состанокот во Софија, министерот Мисајловски ја нагласи потребата од изградба и модернизација на коридорите 8 и 10, како најважни транспортни линкови со земјите од Централна и Југоисточна Европа. – Целосно сме посветени на реализацијата на проектите по должината на двата коридора, проекти што ќе придонесат за подобрување на целокупната транспортна инфраструктура и за зголемување на квалитетот на услугите и конкурентноста на нашата мрежа на овие коридори. Координацијата на регионално ниво во инвестициите во инфраструктурата е во согласност со националните планови и програми на Република Македонија. Оттука, изградбата на овие патишта и железници е токму во насока на изградбата на оние линкови кои недостасуваат за регионално поврзување – потенцираше на состанокот министерот за транспорт и врски, Мисајловски. Во рамките на своето учество на оваа средба, министерот Мисајловски ги претстави и инфраструктурните проекти што ги реализира македонската Влада за развој на коридорите 8 и 10, како и активностите за унапредување на поврзаноста со регионот и земјите од Европската Унија. Притоа, како што соопштија од Министерството за транспорт и врски, Мисајловски ги образложи и мерките што ги презема Владата на Република Македонија за изградба на модерен, безбеден и интегриран транспортен систем приспособен за потребите за економскиот развој на земјата. Во таа насока, тој ја потенцираше особено важноста на финансиската поддршка од страна на ЕУ за реализација на предвидените проекти. Инаку, на овој состанок во Софија учествуваа претставници на Европската комисија, предводени од комесарот за транспорт Виолета Булц, како и министри и претставници на меѓународни финансиски институции, меѓу кои од Европската инвестициска банка и Европската банка за обнова и развој, кои даваат значителна финансиска поддршка за реализацијата на големиот број транспортни проекти и зафати на Балканот.

Ј.Б.

Во Штип

## Започна изградбата на мини-обиколницата и на новиот мост на Брегалница



Во Штип деновиве започна изградбата на мини-обиколницата и на новиот мост на реката Брегалница. Станува збор за инфраструктурен проект што треба да ги поврзе периферните населби на градот со индустриската зона, од штипската населба „Сењак" до фабриката за чевли „Баргала" во Штип. Инвестицијата за оваа нова сообраќајница е во висина од 36,5 милиони денари или околу 590.000 евра, а со нејзината реализација ќе се формира нова обиколница што ќе минува од населбата „Сењак" до индустриската зона. Мостот ќе биде со должина од 56 метри и со широчина од седум метри, а предвидено е да се изведат и пристапни улици во должина од 200 метри од двете страни на мостот.

Локалните власти информираа дека обиколницата и новиот мост ќе се изградат во рок од шест месеци од страна на штипската компанија „Актива", а со овој зафат ќе се растовари сообраќајниот метеж на булеварот „Гоце Делчев", но и ќе се поврзат штипските населби „Сењак" и „Пребег".

Toyota Fuel Cell Bus




# „ВОДНА“ РЕВОЛУЦИЈА

Првите автобуси на водород веќе започнаа да сообраќаат по улиците на Токио



Најавени есенва, по неколкугодишниот развој, првите автобуси со погон на водород се готови и веќе вклучени во секојдневниот превоз на патници по улиците на Токио. Резултат се на заедничката соработка на Toyota и Hino, како дел од планот за испорака на 100 вакви автобуси кои ќе ги опслужуваат олимписките игри во 2020 година. Нарачани се уште 60, кои се наменети за други јапонски градови. Од странство уште никој нема изразено интерес, иако знаеме дека автобуси со погон на водород сообраќаат во Хамбург, Париз и уште во неколку други европски градови.

Како погонски склоп се користи систем горивни ќелии развиен од Toyota, сличен на оној во Mirai. Користејќи го водородот како гориво од кое се произведува струјата што ги задвижува автобусите, овој систем, во поглед на моторите со внатрешно согорување има значително повисоко ниво на енергетска ефикасност и супериорни еколошки својства, бидејќи работи со нула емисии на штетни гасови – единствениот нуспродукт е чиста вода. Водородот се чува под притисок од 700 бари во 10 резервоари

со вкупна зафатнина од 600 литри. Полнењето на резервоарите со водород трае само десетина минути. Со хемиска реакција со кислородот од воздухот настанува електрична енергија која се складира во Ni-MH батериски блок со капацитет од 235 kWh. Струјата од него ги задвижува двата синхрони електромотори со силина од 114 kW и 335 Nm секој, обезбедувајќи возни својства еднакви на класичните градски автобуси. Автономијата му изнесува околу 200 километри, а ако има потреба, автобусот може да произведува струја, односно да работи како генератор за потрошувачи со моќ до 9 киловати и капацитет од 235 kWh. Треба да споменеме дека како и сите други автобуси во Токио, и овие се опремени со бесплатен WiFi-интернет.






На улиците на Токио се појавија автобуси со погон на водород



Цената на едно возење со овој автобус е редовна – 210 јени, односно 1,75 евра.

Развојот и тестирањата на водородните автобуси на Toyota се спроведуваат под покровителство на неколку министерства на Јапонија. Неофицијално, цената на еден ваков автобус изнесува 100 милиони јени што е повеќе од 820.000 евра. Поголем проблем претставува краткиот животен век на погонскиот склоп – само 6 години, но од Toyota се надеваат дека со развојот на наредните генерации горивни келии ќе успеат да го удвојат. Класичните дизел-автобуси според јапонските стандарди имаат животен век од 20 години.

Schmitz Cargobull Van Bodies




# НАДГРАДБИ И ЗА ЛЕСНИТЕ КОМЕРЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА

Schmitz Cargobull ја пополни празнината во својата производствена програма со надградби и за лесните комерцијални возила



Водечкиот европски производител на приклучни возила и надградби ја прошири својата понуда со нова програма. Наречена Van Bodies, таа е составена од серија надградби наменети за лесните комерцијални возила со вкупна дозволена тежина од 3,5 до 6 тони. Влегувањето на Schmitz Cargobull и во овој дел од сегментот беше предизвикано со промените на пазарот – пред сè стабилниот раст на возила за достава предизвикан од сè поприсутната on-line продажба. Нејзиното експоненцијално ширење ја зголеми побарувачката на едноставни и лесни надградби на возилата за дистрибуција на кратки и средни релации во урбаните средини, кои се применливи и во други области, како прехранбената, малопродажбата на лесни стоки и слично. Со други зборови, сè за што не се потребни специјални услови за превоз, на пример, разладувана комора на која ќе се почека до есенва за кога е најавена за претставување.

Сега подготвениот и лансиран на пазарот товарен сандак е направен од лесни полиуретански панели со пенесто јадро и дебелина од 20 милиметри, со цврста и лесна







алуминиумска рамка, двокрилна задна врата и транспарентни кровни панели. Целата конструкција е модуларна и приспособлива на различни модели возила. Достапни се повеќе нијанси на бела боја, а инсталациите за светло се фабрички вградени. Секако, овозможено е вградување на повеќе видови сигурносни шини за прицврстување на товарот. Од Schmitz Cargobull велат дека со неа товарниот капацитет на возилата се зголемува и до 10 % бидејќи конструкцијата е тенка и лесна, а сепак цврстината на структурата ги задоволува спецификациите што ги пропишуваат DIN EN 12642 Code XL-стандардите. Додаваат и дека нивните тестирања покажале дека овие надградби можат да издржат повеќегодишна интензивна употреба. Ќе се испорачуваат во китови подготвени за монтажа, почнувајќи од овој месец под комерцијалната ознака V.KO DRY. Рокот на испорака е само 14 дена од примената нарачка.



Со новата Van Bodies програма Schmitz Cargobull очекува зголемување на производството за околу 12 % на 56.000 единици и заокружување на прометот на 2 милијарди евра годишно



Женева 2017




# ВО ТРКА СО СЕБЕСИ

Почетокот на март секогаш е резервиран за салонот на автомобили во Женева



Првата европска смотра на автомобилската индустрија, салонот на автомобили во Женева, годинава се одржа по 87-ми пат. Први низ исполнетите хали продефилираа 10.700 новинари, желни за свеж поглед во достигнатото и брз преглед на трендовите за иднина. Вкупно 175-те премиери за кои тие известуваа привлекоа 690.000 илјади посетители во точно 11-те дена колку што траеше. Познат како единствен салон кој се одржува на „неутрална“ територија, односно во земја која нема автомобилска индустрија, организаторите го развија овој концепт до повисоко ниво. Со построгите правила околу големината и изведбата на штандовите, како и нивното физичко сместување практично под еден ист покрив, тие создадоа услови во кои и големите, и помалите, и сосема непознатите производители на возила, дизајн-студија и какви било изложувачи имаат рамноправен третман и еднакви шанси да ѝ се претстават на публиката. Ова е само мал дел од она што таа го виде.




## Audi Q8 Sport

Audi во Женева дојде со цел арсенал новитети. За сечиј вкус имаше по нешто, но судејќи според турканиците најголем беше интересот за студијата Q8 Sport. Подготвена како продолжение на концептот покажан во Детроит, со неа Audi уште малку ни го доближи идниот сериски модел. Разликата е главно во поагресивниот изглед, повеќе својствен за S или дури RS верзија. Во согласност со тоа, концептот беше опремен со ласерски светла и огромни 23-инчни тркала. Измени имаше и под лимот, каде што се наоѓаше хибриден погонски склоп сочинет од трилитарски V6 агрегат со релативно слаб електромотор од 20 kW. Оправдувајќи го неговото вградување, од Audi велат тој ја намалува потрошувачката за еден литар. Расположливите вкупно 476 коњски сили преку осумстепен автоматик се пренесуваат на сите тркала на Q8 Sport, забрзувајќи го до 100 километри на час за 4,7 секунди.

## Citroen C-Aircross

Како свој гласник на глобалниот поход на SUV-сегментот, Citroen во Женева го испрати C-Aircross концептот. Силниот дизајнерски идентитет со кој зрачи треба да ја докаже способноста на марката да се истакне и на ова пазарно поле, на кое досега не беше директно присутна. Динамичниот став добиен со флуидните линии претставува освежување пријатно за око. Деталите погрешно оддаваат дека е далеку од сериско производство, поради што во официјалните информации не се споменува ништо за механиката. Не се споменува ниту C3 Picasso, но повеќе од извесно е дека ќе го замени и тоа веќе пред крајот на годинава.

## Suzuki Swift

По промоцијата на домашниот пазар при крајот на минатата година, новата генерација на Suzuki Swift се поклони и пред европската публика. Јапонците наведуваат дека новиот модел се одликува со функционален и простран ентериер и агилни возни својства, благодарение на новата платформа. Заради неа Swift е полесен и малку пократок и поширок, но со поголемо меѓуоскино растојание. Гамата мотори ја сочинуваат еднолитарскиот трицилиндричен турбо со 111 коњски сили и испробаниот 1,2 литарски со 90 коњи. Традиционално, ќе биде достапен и со погон на сите тркала. Дизајнот му е суштински различен од досегашната генерација, но најголемата измена е што нема повеќе да се произведува во Унгарија – отсега и за европскиот пазар ќе доаѓа од Јапонија.






## Mitsubishi Eclipse Cross

Mitsubishi реши посилно да се бори за место на европскиот пазар. Најновиот адут го има старото име Eclipse, но нема ништо заедничко со него. За да нема забуна додаден му е суфиксот Cross, кој дефинира во која класа припаѓа. Дизајнот му е наклонет на европското око, со моќен и пријателски преден дел. Покривот кој стрмо се спушта му дава линии на купе, визуелно доста слични на некои вакви модели од конкуренцијата. Изборот на мотори не е голем – 1,5 литарски турбо бензинец и 2,2 литарски дизел. Продажбата ќе му започне наесен, кога според ветувањето понудата ќе биде проширена.

## Porsche Panamera Sport Turismo

Требаше долго време да помине за гласините да станат вистина, но конечно и тоа се случи – Panamera Sport Turismo е првиот караван на Porsche. Како концепт со истото име беше претставен пред четири и пол години, со цел да ни долови како целокупно ќе изгледа наредната генерација на Panamera. Но силната реакција на публиката и амбициозните желби на марката ги натераа одговорните да се замислат за неговата иднина. Беше „ќе го биде или не", за на крај да стане сериски производ со мали разлики од концептот.



## Range Rover Velar

Појавувањето на Range Rover Velar пријатно изненади многумина. Најмногу љубителите на марката, кои од година во година ги има сè повеќе, а кои сега се ставени на мака – треба да го дочекаат летово, кога ќе започне продажбата на новиот премиум теренец. Со овој модел британскиот производител продолжи да го пополнува секој пазарен агол на кој „фрли око". Како близок роднина на Jaguar F-Pace со него ја дели алуминиумската архитектура и ќе настапува со дел од неговите технологии. Вклучително и моторите – пар бензинци од 250 и 380 коњски сили и три дизела со 180, 240 и 300 коњи. Подоцна во трка треба да се вклучи и мускулеста SVR верзија со V8 мотор, која официјално сè уште не е потврдена. Погонот на сите тркала е стандарден, исто како и мноштвото електронски системи.

## Kia Picanto

Покрај спортскиот Stinger, публиката на штандот на Kia ја загреваше и третата генерација на Picanto. Овој модел кој е еден од глобално најдобро продаваните на марката, сега има младешки енергичен дизајн и голем потенцијал за персонализација. Задржувајќи ги компактните димензии, преку похрабрите линии на каросеријата пренесува поагресивен став. Кабината нагласена со модерен и префинет дизајн е помудро и поефикасно спакувана од досега. Меѓу трите







најавени погонски групи најголем интерес предизвика еднолитарскиот турбо-мотор со 100 коњи. Со него овој колибри на стероиди ќе биде способен за многу нешта, но на него ќе се чека до крајот на годината. За нестрпливите, од вториот квартал година-ва, Picanto ќе биде достапен со агрегатите од досегашниот модел.

## Volkswagen Arteon

Како наследник на Passat CC, новиот Volkswagen Arteon ќе настапува на светска-та имиџ-арена во улога на генератор на позитивни мисли. Според едни, моментот на неговото појавување можеби не е во целост погоден, но според други е токму спротивното. Што и да е поточно, Arteon со својот надмен и спортски карактер може само позитивно да влијае. Затоа и во Volkswagen внимаваа каде да го лансираат и изборот падна на Женева. Дизајнот му е инспириран од студијата Sport Coupe Concept GTE од пред две години, а внатрешноста му е полуксузна од братскиот Passat. Од него има малку подолго меѓуоскино растојание што донесува повеќе простор за нозете на патниците назад, но исто така го поставува и на повисоко ниво во хиерархијата, заради што и најслабата погонска опција е новиот 1,5 литарски TSi бензинец со 150 коњи. Во бензинската понуда се наоѓаат уште два посилни агрегати, а дволитарскиот дизел доаѓа во три варијанти со распон на моќноста меѓу 150 и 240 коњски сили. Треба да го очекуваме и со хибриден погонски систем.



Луксембург

## Ограничувања во превозот на стока

### Возила

Сите товарни возила што доаѓаат од Белгија или од Германија и се движат кон Франција, а чија MPW, со или без приколка, надминува 7,5 т

### Забрана

Од 21:30 ч. во сабота и во пресрет на државни празници, до 21:45 ч. во неделите и во државните празници

### Возила

Сите товарни возила што доаѓаат од Белгија или Франција и се движат за Германија, а чија MPW, со или без приколка, надминува 7,5 т

### Забрана

Од 23:30 ч. во сабота и во пресрет на државни празници, до 21:45 ч. во неделите и во државните празници

### Област

По патната мрежа и по автопатиштата.




### Исклучоци:

- Возила што превезуваат животни, лесно расиплива стока од животинско потекло, без оглед на нивната состојба (свежи, замрзнати, длабоко замрзнати или солени, чадени, сушени или стерилизирани), свеж или необработен зеленчук – на база на расиплива стока (овошје и зеленчук), сечено цвеќе или саксиски билки и цвеќиња,
- празни возила што патуваат во врска со транспортните операции наведени погоре, под услов дека возилата се упатуваат кон Германија,
- возила што за време на периодот на жетвата, се ангажирани во собирање и транспорт на земјоделски производи од местото на жетвата до местото на складирање, пакување, преработка или трансформација,
- возила што се неопходни за инсталација на прописно овластени економски, спортски, културни, образовни и политички настани,
- возила што превезуваат само весници,
- возила што селат канцеларии или фабрики,
- возила во сопственост на трговци и возила што се користат за продажба на сопствените производи на саеми или пазари,
- возила што учествувале во комбиниран железнички патен транспорт помеѓу местото на утовар и станицата на трансфер, или помеѓу станицата на пренос и дестинација на стоката, под услов растојанието да не надминува 200 километри и транспортот да се одвива во насока кон Германија,
- возила за итни потреби употребени од страна на полицијата, армијата, царината, цивилната одбрана и противпожарна бригада, како и оние што се користат за транспорт на возилата што се расипани или се учесници во несреќен случај,
- возило што се вози под закрила на исклучително овластување од министерот за транспорт и кое ја надминува максималната законска тежина, како што е наведено погоре, особено во транспортни операции, кои имаат за цел да им овозможат на фабриките нон-стоп работа, за да се спречи каков било прекин во снабдувањето, или да придонесат во извршувањето на јавните услуги како одговор на итните локални потреби, при што одобрението од министерството мора да се покаже на барање на одговорните лица за контрола на сообраќајот на патиштата.

### Државни празници, 2017

- 1 јануари — Нова година
- 17 април — Велигден
- 1 Мај — Ден на трудот
- 25 мај — Вознесение
- 5 јуни — Педесетница
- 23 јуни — Национален ден
- 15 август — Успение
- 1 ноември — Ден на сите светци
- 25 декември — Божиќ
- 26 декември — Божиќ*

(Grand-Ducal регулатива од 19 јули 1997 година во врска со рестрикции во возењето за тешки товарни возила во неделите и во државните празници).

### Забелешки:

- Покрај официјалните државни празници на Луксембург, горенаведените ограничувања ќе бидат во сила на: 8 мај, 14 јули и 11 ноември за транспорт во Франција и 14 април (Велики петок), 15 јуни (Корпус Кристи), 3 октомври и 26 декември за транспортите во Германија;
- на возилата опфатени со горенаведените ограничувања нема да им биде дозволено да застанат или да се паркираат на јавните патишта за време на овие ограничувања. Оваа мерка ќе се применува и за возилата чијашто MPW, со или без приколка, надминува 7,5 т, кои се регистрирани во Луксембург и кои имаат намера да транспортираат стока во Франција или во Германија,
- полицајците имаат право да побараат од возачите на возилата, кои направиле прекршување на горенаведените ограничувања на возење и паркирање, да се вратат или во нивната земја на потекло, или во нивните деловни простории или на местото на утовар / истовар во Луксембург;
- прекршувањето на овие правила ќе биде казниво во согласност со одредбите од изменетиот член 7 од Законот од 14 февруари 1955 година, во однос на сообраќајните прописи на сите јавни патишта.

### Возила

Товарни возила чија MPW надминува 3,5 т со исклучок на возила во сопственост на жители и возила за испорака

### Забрана

Постојано

* Иако се државни празници, не постојат рестрикции во возењето на 23 јуни и 26 декември (види подолу за возила што возат кон Германија на тие датуми).

## Турција

# Патарини во превоз на стоки

### Автопатишта

**Забелешка:** Sinif или Snf (1, 2, 3, 4 or 5) го означува бројот на оските.

Истанбул и Кочаели мостови

На следните возила им е дозволено да ги преминат мостовите во Истанбул и во Кочаели:

| 15 Temmuz Şehitler мост (Босфорскиот мост), Истанбул | Фатих Султан Мехмет мост, Истанбул | Јавуз Султан Селим мост, Истанбул | Османгази мост, Кочаели |
|---|---|---|---|
| двоосовински возила со оска од напред кон назад со помалку од 3,20 м (автомобили, мотоцикли – вклучувајќи ги и малите камиони, комбиња и минибуси) | двоосовински возила со оска од напред кон назад со помалку од 3,20 м (автомобили, мотоцикли – вклучувајќи ги и малите камиони, комбиња и минибуси) | Сите моторни возила | Сите моторни возила |
| Сите шатл автобуси (туризам, училиште итн.) | Сите шатл автобуси (туризам, училиште итн.) | | |
| Возила на јавниот сервис (автобуси, такси возила, минибуси, итн.) | Возила на јавниот сервис (автобуси, такси-возила, минибуси, итн.) | | |
| | Возила со официјална лиценца од KGM | | |

Следните патарини се применуваат:

| Класа на возила | Османгази мост патарина(TRY) | Јавуз Султан Селим мост, патарина (TRY) |
|---|---|---|
| 1 – двоосовински возила со оска од напред кон назад со помалку од 3,20 м (автомобили, мотоцикли – вклучувајќи ги и малите камиони, комбиња и минибуси) | 65.65 | 11.95 |
| 2 – двоосовински возила со оска од напред кон назад со повеќе од 3,20 м (ван, пикап џип, Брза помош и погребна кола, мидибус, автобус, камион) | 105.05 | 15.90 |
| 3 – триосовински возила (автобуси, камиони и приколки – класите 1 и 2 со уште една оска) | 124.70 | 29.50 |
| 4 – 4 или 5-осовински возила (автобуси, камиони и приколки – класи 1 и 2 со две дополнителни оски) | 165.40 | 74.95 |
| 5 – 6-осовински возила и повеќе (трактори и приколки) | 208.75 | 93.20 |

**Забелешка:** Возилата што превезуваат опасни стоки може да го преминат мостот Јавуз Султан Селим како конвој секој ден од 14:00 до 2:00 ч.

Опасните материи, како ограничени количини и во согласност со 1.1.3.6, исто така, се предмет на конвој транспортите. Класите 1, 2 и 7 не е дозволено да го поминат мостот и треба да користат соодветна бродска линија. Надоместокот за премин е 150 TRY + ДДВ.

*Извор: Republic of Turkey, General Directorate of Highways, март 2017; UND, март 2017*



РУСКИ ПРИГЛАШЕНИЈА 02 32 98 224




ВРШИМЕ ПОВРАТ НА ДДВ ОД:

- АВСТРИЈА
- БЕЛГИЈА
- БУГАРИЈА
- ВЕЛИКА БРИТАНИЈА
- ГЕРМАНИЈА – патнички
- ДАНСКА
- ИРСКА
- ЛУКСЕМБУРГ
- НОРВЕШКА
- ПОЛСКА
- СЛОВЕНИЈА
- СРБИЈА
- ФРАНЦИЈА
- ХОЛАНДИЈА
- ШВЕДСКА
- ФИНСКА

071/ 34 05 10, 076/ 36 06 29

02/ 32 98 224

ddv@amerit.org.mk




**Русија**

## Патарини / Цена за користење на патот во превозот на стока

### Патарини

Како нова владина одредба бр. 120 од 31 јануари 2017 година на Руската Федерација, од 15 април 2017 година, патарината која ќе се применува за товарни возила од земјата и од странство, а кои надминуваат 12 тони (HGV N3 поткатегорија) на територијата на Руската Федерација ќе биде зголемена од RUB 1,53 / km на RUB 3,06 / km (0,05 евра)

### Систем на патарини

Од 15 април 2016 година, странските транспортни оператори за користење на руските федерални автопати треба да се регистрираат во електронскиот систем за наплата на патарина (Платон – ETCS), со цел да им ја надоместат штетата на руските федерални автопати, предизвикана од возилата над 12 тони (HGV N3 поткатегорија).



- Картички за патарините (мапи) може да се купат само од регистрирани корисници со ETCS.
- Еднократни картички за патарина повеќе не се издаваат.
- Рокот на важење на картичките за патарина е 7 дена.

Rostransnadzor, Федералната служба за надзор на транспорт е овластена да изрекува парични казни за странските возачи кои не платиле патарина. Извршителите, исто така, имаат право да го задржат возилото додека не се плати казната и патарината. Прекршокот првиот пат ќе резултира со парична казна од 5.000 RUB (64,5 евра), а потоа се зголемува до 10.000 RUB (129 евра). Важно е да се напомене дека паричната казна може да се изрече само еднаш дневно за секое возило. Откако странско возило ја преминало руската граница, тоа ќе може да помине до 50 километри, без да плати патарина, под услов поминатите километри да бидат вклучени во следната уплата.

Доколку превозникот има неплатени парични казни во системот на Платон (ETC), неговото возило нема да биде во можност да ја премине државната граница, додека не го подмири долгот целосно. Доколку долгот за патарина е откриен по напуштањето на земјата, возилото нема да биде во можност да влезе во Руската Федерација, додека не ја плати глобата.

Подетални информации можат да се најдат на веб-страницата на Платон ETCS или на кој било од 138 центри за услуги за клиентите. Учесниците во сообраќајот, исто така, може да се јават и на 24/7 дежурната телефонска линија +7 (495) 540–02–02.

*Извор: Platon.ru и IRU Moscow, март 2017*

# ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 12/2017

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 172.00 | - | 169.00 |
| Андора | EUR | 1.090 | 1.120 | 0.920 |
| Аргентина | ARS | - | - | 16.230 |
| Ерменија | AMD | 380.00 | 400.00 | 350.00 |
| Австрија | EUR | 1.203 | 1.354 | 1.132 |
| Белорусија | EUR | 0.588 | - | 0.608 |
| Белгија | EUR | 1.420 | 1.502 | 1.318 |
| БиХ | BAM | 1.79 | - | 1.79 |
| Бразил | BRL | 3.73 | - | 3.08 |
| Бугарија | BGN | 2.14 | 2.39 | 2.15 |
| Чиле | CLP | 744 | 787 | 492 |
| Хрватска | HRK | 9.36 | - | 8.74 |
| Чешка | CZK | 30.66 | - | 29.70 |
| Данска | DKK | 10.29 | - | 8.64 |
| Естонија | EUR | 1.169 | 1.219 | 1.179 |
| Финска | EUR | 1.454 | 1.525 | 1.313 |
| Франција | EUR | 1.393 | 1.457 | 1.255 |
| Грузија | GEL | 2.29 | 2.39 | 2.09 |
| Германија | EUR | 1.317 | - | 1.143 |
| Грција | EUR | 1.548 | 1.666 | 1.295 |
| Унгарија | HUF | 361.50 | - | 372.10 |
| Ирска | EUR | 1.399 | - | 1.269 |
| Италија | EUR | 1.652 | - | 1.544 |
| Јапонија | JPY | 144.30 | 133.50 | 112.00 |
| Казахстан | KZT | 150.00 | 164.00 | 129.00 |
| Летонија | EUR | 1.164 | 1.213 | 1.074 |
| Литванија | EUR | 1.181 | 1.250 | 1.089 |
| Луксембург | EUR | 1.142 | 1.206 | 1.008 |
| Македонија | MKD | 67.00 | 69.00 | 54.00 |
| Мексико | MXN | 17.79 | - | 17.01 |
| Молдавија | MDL | 18.09 | 18.72 | 15.58 |
| Црна Гора | EUR | 1.290 | 1.330 | 1.160 |
| Холандија | EUR | 1.652 | 1.745 | 1.314 |
| Норвешка | NOK | 16.14 | - | 15.20 |
| Перу | PEN | 3.49 | 4.11 | 2.75 |
| Полска | PLN | 4.69 | 4.94 | 4.51 |
| Португалија | EUR | 1.507 | 1.551 | 1.306 |
| Романија | RON | 4.49 | 5.03 | 4.53 |
| Русија | RUB | 39.41 | - | 37.78 |
| Србија | RSD | 143.90 | - | 152.90 |
| Словачка | EUR | 1.331 | - | 1.173 |
| Словенија | EUR | 1.303 | 1.378 | 1.200 |
| Шпанија | EUR | 1.215 | 1.339 | 1.105 |
| Шведска | SEK | 13.77 | 14.37 | 13.70 |
| Швајцарија | CHF | 1.040 | 1.150 | 1.030 |
| Турција | TRY | 5.16 | 5.18 | 4.58 |
| Украина | UAH | 24.54 | 25.62 | 22.13 |
| В. Британија | GBP | 1.184 | 1.144 | 1.210 |
| САД | USD | 0.614 | - | 0.677 |
| Уругвај | UYU | 47.60 | 45.90 | 41.80 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**Волво миксер ФХ 480**, еуро 5, миксерот и камионот функционираат одлично.
**076/667-777**

**Влекач Волво еуро 5**, од 2007 година, регистриран до 7.10.2017 година и мега полуприколка Шмитц, ролетарка, од 2006 година, регистрирана до 24.10.2017 година.
**078/215-729**




**Волво Ф13**, во одлична состојба, еуро 5. За повеќе информации јавете се на
**075/221-715**

**ДАФ ХФ 430**, еуро 3, автоматски менувач, ретардер, во перфектна состојба, генерално сервисиран, камионот е во Шведска.
**070/258-791**

**ДАФ ХФ 105.410**, од 2008 година, еуро 5, автоматик, со поминати 792.000 км, гуми предни 70 %, задни 70 % Континентал, има сменето сет ламела, филтри, уље, сочуван како нов, подготвен за на пат, камионот се наоѓа во МК, може и на МК таблички.
**070/313-302**

**Ивеко евротракер**, приколичар, со ретардер, темпомат, менувач со половинки.
**078/294-347**

**МАН 26-410 регистриран**, со дефект на мотор, вреди да се види.
**070/293-095**

**МАН 8.163 во одлична состојба**, регистриран, со поминати 450.000 км.
**070/214-828**

**МАН триосовинец**, од 1999 година, регистриран, со носивост 25 тони и поминати 220.000 км.
**070/560-742**



**МАН 19.403**, од 1998 година, со сите нови гуми, регистриран до 10.10.2017 година.
**076/667-777**

**МАН ТГА**, од 2005 година, кипер, ретардер, со 16 брзини. За повеќе информации јавете се на
**076/225-435**

**Мерцедес Бенз Актрос 18 41**, еуро 5, од 2005 година, има ретардер.
**070/242-898**

**Мерцедес кипер 11 17**, регистриран цела година, должина на сандак четири метри.
**071/841-095**

**Мерцедес Актрос 18 43**, регистриран комплет со полуприколка Шмитц.
**070/206-983**

**Мерцедес Актрос**, од 2009 година, еуро 5 тандем, со нови гуми, регистриран цела година. Сервисот е направен пред 3.000 км, без замени.
**078/414-404**

**Мерцедес Бенз Актрос 1844**, од 2005 година. Цена по договор.
**075/458-570**

**Мерцедес Бенз Актрос 12 13**, во возна состојба, од 1980 година.
**078/223-028**

**Мерцедес Атего**, камионот има клима, рампа и електрика на прозори.
**077/555-030**

**Мерцедес Атего**, носивост од 8,5 тони, димензии 7,1 м x 2,45 м x 2,6 м, со поминати 270.000 км, од 2011 година.
**075/335-144**




**Сканија 124/400**, во исправна состојба.
**070/324-330**

**Сканија 112Х**, 320 кс.
**070/999-184**

**Сканија 112 кипер**, со милер сандак, со два цилиндри, во одлична состојба.
**077/658-133**

**Сканија 124.420**, од 2000 година, редовно сервисирана, со нови гуми, регистрирана до јули 2018 година, целосна историја за поправки и менувани делови. Само за сериозни купувачи.
**070/262-648**

**Сканија 124.420 еуро 3**, од 2003 година, за делови. Камионот е во возна состојба.
**075/589-524, 076/825-892**

## АВТОБУСИ

### Продавам

**Високотуристички автобус Неоплан 516 схд**, од 1998 година, со Мерцедес мотор и 59 седишта. Можна е замена за понов автобус.
**070/258-536**

**Високотуристички автобус марка Бова Футура**, од 1998 година, со 57 + 2 седишта, мотор 430 кс, со клима, ВЦ, ЛЦД монитори, ДВД, сертификат Темпо 100, комплетно реновиран внатрешен ентериер во 2014 година, вграден ЕКО 4 систем, инсталиран лаптоп со можност за ПП-презентации.
**070/384-941**



**Ивеко рапидо**, од 2003 година, со Ивеко мотор, еуро 3, двоозонска клима, со фул-опрема, 30 седишта, цена 25.999 евра + 18 % ДДВ. Ве молиме без замени.
**078/321-713**

## ДЕЛОВИ

### Продавам

**Полуприколка Когел**, во одлична состојба, од 2008 година, ролетарка, осовината се дига, регистрирана пред четири месеци.
**047/224-462, 078/813-000, 075/984-221**

**Полуприколка Шмитц**, од 2006 година Вариолајн, може да ја вози и мега и стандард камион, со нови дискови, плочки, амортизери, гуми 70 %, со нов кров, церада, на БГ таблички, може и на МК.
**070/258-791, 070/258-278**

**Мега полуприколка Шмитц**, од 2006 година.
**078/215-729**

**Секакви половни делови за камиони: Сканија 112/113**, ФАП, Мерцедес 12 13, Застава, Омче, Там 110 и 130, Тамче 60,75, 80.
**070/504-107, 078/288-426**

**Сандак фургон за камион.**
**071/383-840**

## ОГЛАСИ [преку SMS и e-mail]

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
**070/40 11 11 и 070/40 11 07**
или како e-mail на:
**bizkontakti@yahoo.com**
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса.

Досетливи Шкоти со интересна сообраќајна кампања

# СО ФЕНОВИ ЗА КОСА ПРОТИВ БРЗОТО ВОЗЕЊЕ!?



Жители на селото Хопман облекуваат флуоросцентни елеци и насочуваат фенови за коса кон возилата, имитирајќи полицајци со радари за да се изборат со пребрзото возење на несовесните возачи

Необична, интересна и прилично вицкаста сообраќајна кампања реализираат жителите на малото шкотско село Хопман, кои стравуваат за сопствената безбедност по улиците во местото во коешто живеат. Имено, тие облекуваат флуоросцентни елеци и насочуваат фенови за коса кон возилата, имитирајќи полицајци со радари. На овој начин, тие се борат со пребрзото возење на несовесните и брзи возачи, кои знаат со своите автомобили да поминат по патот низ ова приморско село и со брзина од 90 километри на час.

– Со тоа што стоиме облечени во светлосни елеци и држејќи фенови во рацете ние сакаме да ја истакнеме очајната ситуација на луѓето, кои сопштуваат „Ве молиме забавете кога поминувате низ нашата заедница" – вели локалниот советник Денис Слатер за шкотскиот сервис на ББЦ и додава дека брзината со која се одвива сообраќајот низ Хопман е навистина сериозна, особено кога наутро децата одат на училиште, поради што тие често се соочуваат со многу опасности.

Ова го потврдува и шкотската полиција, која преку соопштение истакнува дека сообраќајната безбедност е приоритет на луѓето, кои еве и на ваков досетлив начин се грижат за својата безбедност на улиците и на патиштата. Нивните реакции се совпаѓаат со приоритетите на полицијата, која ја реализира т.н. Операција ЦЕДАР, а која е насочана кон спречување, едуцирање, детекција и намалување на бројот на сериозни и фатални сообраќајни инциденти во североисточните делови на Шкотска.

Ј.С.Б.

## ВИЦОВИ

Ботка разговара со другарка ѝ Мица:

– Сношти се скаравме со Боки. Ме налути, па му ставив во супата „Вијагра"!

Мица: – И, и, што се случи?

Ботка: – Лелеее, да видиш како ме молеше, како ми се извинуваше!

* * *

Синот го прашува таткото:

– Тато, што значи тоа да се биде маж?

Таткото:

– Маж е синко, оној кој те сака најмногу, се грижи за тебе, те штити и ти помага!

Синот:

– Ееее, татооо, кога ќе пораснам и јас ќе бидам маж како мама!

* * *

Се сретнуваат Боки и другар му Коки.

Првиот веднаш се жали:

– Коки, брат, не знам што да правам со бабата, мајка ѝ на Ботка! Вистинска вештерка, брат, жив ме изеде!

Коки загрижено и со жал за својот другар:

– А да пробаш да ѝ напакостиш малку, а?

– Пробав, бе, брат, пред еден месец дадов оглас во весниците со нејзиниот телефонски број и со порака: „Сексуални услуги – евтино"!

– И???

– И вештерката вчера си купи мерцедес!



* * *

– Кога луѓето најчесто почнуваат со диета, здрава исхрана, вежбање...?

– !!!!!?????

– Утре!

* * *

Патник седи на задното седиште во такси. Прврпат е во Скопје, му се допаднала зградата на МТВ и го допира возачот по рамото за да го праша нешто. Возачот одеднаш губи контрола удира во двајца пешаци, па во автобус и застанува. Патникот:

– Извинете, не сакав да ве уплашам... Во Скопје најверојатно има многу разбојници.

Возачот:

– Ништо, ништо, не е до вас, до мене е, денес првпат возам такси! Претходно 20 години возев погребно возило!

* * *

Ботка се среќава со својата пријателка Мица, која видливо подослабела.

– Оооо Мицо, мори, како вака се изделка?

– Еее, Ботке, открив многу добра диета!

– Е која мори?

– Кинеска диета. Секој ден јадам супа!

– А со фиде?

– Не, со стапчиња!

* * *

Боки и Коки биле страсни рибари и еден ден отишле на рибарење од рано наутро. Вечерта минува...18 ч., па 20 ч., па 24 ч. и нивните жени Ботка и Мица загрижени се слушаат по телефон.

Ботка:

– Слушај Мицо, овие двајца не се појдени по риби, туку по швалерки. Види колку е саатот, а нив уште ги нема!

Мица на тоа, мртва ладна:

– Их, ма Ботке, ти секогаш гледаш од полошата страна. Дај биди малку позитивна, па можеби се удавиле!

* * *

Кумановска клетва:

– Да даде Господ да не га чуеш телефон к`д ќе ти вртив за Авганистан!


TimoCom
Љубоморно удобно!
Може да си ја поедноставите претрагата по налози, со тоа што директно ќе го најдете соодветното на само една платформа. И до 4 седмици бесплатно тестирање на најголемата транспортна платформа во Европа.
Тука мобилно достапно:
Download on the App Store
ANDROID APP ON Google play
Download from Windows Phone Store
mk.timocom.com